# HORIZONTAL FACILITY ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА



## ЈАКНЕЊЕ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РАДИКАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЗАТВОРИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

# *ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ*

## СПРАВУВАЊЕ СО РАДИКАЛИЗАЦИЈАТА И НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ВО ЗАТВОРИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Зајакнување на судството | https://wbregionprisons.coe.int/

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# СПРАВУВАЊЕ СО РАДИКАЛИЗАЦИЈАТА И НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ВО ЗАТВОРИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

МАРТ 2023

КОАВТОРИ: КЕТРИН КРИМЕР, НАДЈА РАДКОВСКА, АТИЛА ЈУХАС И ЏУЛИ КОЛМАН,
КОНСУЛТАНТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Верзија на англиски јазик**

Addressing radicalisation and violent extremism in prisons in the Western Balkans

Овој Документ за јавни политики е изработен во рамките на втората фаза од програмата Horizontal Facility, а објавен во рамките на третата фаза на оваа програма со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот.

Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2023“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на ДГ I - Генерален Директорат за човекови права и владеење на правото / Одделение за соработка на тема полиција и лишување од слобода на Советот на Европа.

© Совет на Европа, март 2023. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# СОДРЖИНА


Список со акроними ........ 4
ПРЕДГОВОР ........ 5
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 6
ИСТОРИЈАТ ........ 8
**СТРУКТУРА НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ** ........ 9
**МЕТОДОЛОГИЈА** ........ 9
**ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ** ........ 10
**МЕТОДОЛОШКИ ОРГАНОГРАМ** ........ 10
Тема 1: Скрининг, проценка на ризик и потреби (ПРП) и практики на распределба во затворите ........ 12
Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан ........ 12
Практики на распределба ........ 13
Предизвици за примена на алатката за скрининг ........ 13
Обука ........ 14
**ПРЕПОРАКИ ЗА АЛАТКА ЗА СКРИНИНГ** ........ 14
А. Политичко и законодавно ниво ........ 14
Б. Ниво на имплементација ........ 15
Предизвици за имплементацијата на алатката за проценка на ризик и потреби ........ 16
Структурирано професионално расудување ........ 16
Размена на информации ........ 17
Кога да се користи алатката за проценка на ризик и потреби? ........ 18
Информациска база на податоци ........ 18
Ангажирање на затворениците и информирана согласност ........ 18
**ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И ПОТРЕБИ** ........ 18
А. Политичко и законодавно ниво ........ 18
Б. Ниво на имплементација ........ 20
Тема 2: Рехабилитација, третман и одвраќање од насилство на радикализирани и насилни екстремистички затвореници ........ 22
Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан ........ 22
Предизвици за примена на индивидуалниот пристап за рехабилитација на НЕЗ ........ 22

Капацитети за рехабилитација на Корисниците ... 24
**ПРЕПОРАКИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДВРАЌАЊЕ ОД НАСИЛСТВО** ... 27
А. Политичко и законодавно ниво ... 27
Б. Ниво на имплементација ... 29
Тема 3: Градење на капацитети и обука на затворските и пробациските практичари ... 31
Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан ... 31
Капацитети за затворска и пробациска обука на Корисниците ... 31
**ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ И ОБУКА НА ЗАТВОРСКИОТ И ПРОБАЦИСКИОТ ПЕРСОНАЛ** ... 33
А. Политичко и законодавно ниво ... 33
Б. Ниво на имплементација ... 36
Тема 4: Подготовка за отпуст, пост-пенална помош и реинтеграција во општеството ... 38
Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан ... 38
Просечна оценка меѓу Корисниците – пред отпуст и реинтеграција ... 38
Добиени коментари од Корисниците во нивните одговори на прашалниците ... 39
Добри практики ... 39
Предизвици ... 39
Идна одржливост ... 40
Предизвици ... 41
**ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДДРШКА ПРЕД ОТПУСТОТ И ПОСТ-ПЕНАЛНА ПОМОШ** 43
А. Политичко и законодавно ниво ... 43
Б. Ниво на имплементација ... 45
Анекс 1– Заеднички рамковни наставни програми за основна и напредна обука на ЗиП персоналот ... 47
Анекс 2– Список за проверка пред отпуст ... 51
Анекс 3– Пример на режим ... 52

# СПИСОК СО АКРОНИМИ

Босна и Херцеговина ... БиХ
Совет на Европа ... СЕ
Организација на граѓанското општество ... ГО
Контратероризам ... КТ
Европската конвенција за човекови права ... ЕКЧП
Странски терористички борец ... СТБ
Образование за човекови права за професионалци од областа на правото ХЕЛП
Меѓународна програма за помош при обуката за криминалистичко истражување ИЦИТАП
Косовската казнена служба ... КЦС
Косовската разузнавачка агенција ... КИА
Косовската полиција ... КП
Мулти-дисциплинарен тим ... МДТ
Министерство за внатрешни работи ... МВР
Невладина организација ... НВО
Национален оперативен тим ... НОТ
Однесување кое може да се спореди со секвенцата на однесувањето пред извршувањето на кривичното дело ... ОПБ
Организација за безбедност и соработка во Европа ... ОБСЕ
Спречување и борба против насилниот екстремизам ... С/БНЕ
ППосттрауматско стресно растројство ... ПТСР
Мрежа за подигање на свеста за радикализација ... МПСР
Проценка на ризик и потреби ... ПРП
Стандардна оперативна процедура ... СОП
Алатка за скрининг ... АС
Тим за заштита и поддршка ... ТЗП
Тематска група ... ТГ
Обука на обучувачи ... ОнО
Насилен екстремистички затвореник ... НЕЗ
Насилен екстремизам и радикализација што води до тероризам ... НЕРВТ
Западен Балкан ... ЗБ
Работна група ... РГ

# ПРЕДГОВОР

*Почитувани колеги и партнери,*

*Благодарение на вас и вашата посветеност и упорност, успешно ја завршивме имплементацијата на регионалната акција во рамките на Хоризонталниот инструмент: **„Јакнење на пенитенцијарните капацитети за справување со радикализацијата во затворите во Западен Балкан“**. Беа спроведени повеќе од 90 активности за повеќе од 1.500 учесници од Западен Балкан, активни на полето на спречување на радикализацијата и борбата против насилниот екстремизам.*

*Силно веруваме дека ги исполнивме целите поставени на почетокот на акцијата. Значително ја подигнавме свеста и разбирањето кај стручната јавност за појавите на радикализација и насилен екстремизам во затворите и ја унапредивме културата на споделување информации и размена на искуства и добри практики. Што е уште поважно, знаењето и вештините на практичарите кои секојдневно работат со насилни екстремистички затвореници (НЕЗ) и радикализирани осудени лица дополнително се унапреди, додека методологиите, алатките и пристапите во работата со оваа категорија престапници се подобрија во согласност со потребите на корисниците.*

*Во овој заеднички потфат, кога станува збор за управувањето и рехабилитација на НЕЗ, заедно ги идентификувавме силните и слабите страни на затворските и пробациските системи во регионот, што ни овозможи да дефинираме заклучоци и да извлечеме заеднички препораки за целиот регион како и конкретни препораки за секој Корисник.*

*Во таа насока, овој сеопфатен документ на носителите на одлуки им обезбедува стратегии за изработка на јавни политики прилагодени на самите корисници, како и препораки за нивно спроведување заедно со упатства за управителите и практичарите. Оваа низа на препораки треба да се земе предвид во контекст на специфичните карактеристики на секој казнено-поправен систем во регионот и фактот дека тие варираат во однос на организацијата, структурата и расположливите ресурси, исто така, имајќи предвид дека овој феномен е динамичен и склон кон промени. Не постои едно решение кое одговара на сите, но со сигурност може да кажеме дека секој Корисник ќе може да препознае препораки и насоки кои се реални, прилагодливи и применливи на нивниот сопствен систем.*

*Остануваме посветени на обезбедувањето на долготрајна стабилност на нашите општества со целосно почитување на човековите права и ќе продолжиме да ги поддржуваме креаторите на јавните политики, управителите на затворите и практичарите во надминување на предизвиците при справувањето со радикализацијата и насилниот екстремизам во затворите, паралелно со поддржувањето на отпуштените затвореници да се реинтегрираат назад во нивните заедници.*

*Со почит,*



Тања Ракушиќ-Хаџиќ
раководител на Одделението за соработка на тема полиција и лишување од слобода
Совет на Европа

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Овој документ за јавни политики дава резиме на клучните наоди и препораки кои произлегоа од регионалната акција на Советот на Европа „Јакнење на пенитенцијарните капацитети за справување со радикализацијата во затворите во Западен Балкан". Акцијата, имплементирана кај шест корисници од Западен Балкан, која ги вклучи Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, беше започната во 2019 година во насока на унапредување на капацитетите на корисниците за управување со НЕЗ и спречување на радикализацијата на насилството во затворите.
Препознавајќи дека затворите можат да бидат инкубатори на насилна екстремистичка идеологија, но можат да бидат и институции за реформирање, голем број затворски власти во Европа воспоставија специјализирани програми за рехабилитација на насилните екстремисти во затворите, кои имаат крајна цел да им овозможат на овие лица успешно да се реинтегрираат во општеството по нивниот отпуст од затвор. Постојат голем број предизвици во изработката и имплементацијата на таквите програми низ Европа. Некои од овие предизвици се однесуваат на ефективноста на затворските програми изработени со намера да ги рехабилитираат НЕЗ со цел да се ублажи потенцијалниот ризик и недоволната проценка на нивното влијание.

При приспособувањето на програмите за рехабилитација на НЕЗ, формулирањето на остварливи и мерливи краткорочни и долгорочни цели, како и индикатори, е од клучно значење за следење на напредокот и ефективноста. Кога се работи со НЕЗ во затворите, усвојувањето на индивидуален пристап е клучно во однос на спроведувањето на интервенциите за рехабилитација. Важно е да се разбере личната историја, мотивацијата, перцепциите, грижите, фрустрациите, силните страни и недостатоците на секој НЕЗ. Покрај внатрешните фактори, во обезбедувањето на ефективна поддршка треба да се земат предвид и надворешните фактори како што се индивидуалната социјална средина и другите локални околности. Затоа е неопходна индивидуална проценка на ризик и потреби (ПРП) за да се идентификува приспособената интервенција за рехабилитација. Алатките за ПРП не се наменети да бидат предвидливи и бараат доволна и постојана обука на персоналот кој ќе биде одговорен за спроведување на проценките. Алатките за скрининг и ПРП можат да играат клучна улога во обезбедувањето важни информации на структуриран начин што може да се користат за планирање и спроведување на сеопфатните планови за секој НЕЗ. Ова беше фокусот на Тематска група (ТГ) 1: Скрининг, ризик и проценка на потребите.

Интервенциите за рехабилитација чија намера е да го решат когнитивното однесување на НЕЗ, вклучувајќи ја и нивната тенденција за црно-бело размислување, како и другите ризици и потреби се од клучно значење за на крајот да се овозможи реинтегрирање на поединецот во општеството и да се поттикне да се однесува на просоцијален начин. Во врска со интервенциите специфични за НЕЗ, се препорачува вклучување на поопшти затворски активности за поддршка и зајакнување на процесот на промени (стручна обука, едукативни активности, културни активности, психосоцијални интервенции). Некои интервенции и активности, сепак, може да бидат контрапродуктивни за одредени поединци и ризиците поврзани со нивното учество треба внимателно да се проценат и следат. Треба да се воспостави мултидисциплинарен пристап со цел да се гарантира дека комплексноста на прашањата во основата на насилниот екстремизам може соодветно да се решат од страна на низа актери со комплементарни компетенции и експертиза. Интервенциите за рехабилитација треба да се изработуваат, развиваат и имплементираат земајќи ги предвид локалните услови, законодавството, затворската популација и расположливиот персонал.

Во овој контекст, една од главните цели на регионалната акција е да придонесе за рехабилитација и одвраќање од насилство преку проценка на потребите, развивање на програмите за рехабилитација за НЕЗ и обука на персоналот. Ова беше фокусот на ТГ 2: Рехабилитација и одвраќање од насилство.
За да се спроведат точни проценки и да се имплементираат ефективни интервенции за рехабилитација, од витално значење е затворскиот и пробацискиот персонал да бидат систематски добро обучени. Обуката во рамките на Корисниците останува главно ад хок, што може негативно да влијае на довербата

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово*

и компетентноста на персоналот да управува со НЕЗ долж континуумот затвор-излез. Основната обука и подигањето на свеста, специјализираната обука и имплементацијата на динамични безбедносни принципи придонесуваат за успешни резултати, но ќе бараат одвојување на одржливи финансиски ресурси во поголем временски период. Потребата за градење капацитети и обука на затворските и пробациските практичари беше во фокусот на ТГ 3.

Иако интервенциите што се случуваат во затворот за НЕЗ несомнено се составен дел за справувањето со предизвикот на НЕЗ, подеднакво е неопходно да се направат сеопфатни подготовки за пост-пеналната фаза во рамките на која НЕЗ ќе се вратат во нивните заедници. Ова вклучува развој на Мултидисциплинарни тимови (МДТ) кои можат да го поддржат спроведувањето на стратегиите за излез за секој поединец. Интервенциите за рехабилитација треба да продолжат и на ниво на заедницата. Ова може да вклучува обезбедување на достапна тековна психосоцијална поддршка за НЕЗ отпуштени од затвор, заедно со поддршка на аспектите како што се домување, здравствена заштита и образование. Развивањето на СОП за пост-пеналната фаза чија намера е да се погрижиме дека различните актери вклучени по отпустот дејствуваат координирано е важен чекор за корисниците. ТГ 4 се фокусираше на: подготовката за отпуст, поддршката по издржувањето на казната и реинтеграцијата.Со цел да се одговори на предизвиците во рамките на овие четири теми, регионалната акција обезбеди форум на кој практичарите и креаторите на политики имаа можност да се сретнат и да споделат информации, знаење, најдобри практики и искуства. Овој документ за политики ги собра предизвиците и практиките идентификувани во рамките на голем број активности и работни групи, со цел да се идентификуваат насоките за идните политики и да се погрижи дека пристапот за справување со радикализацијата во затворите кај Корисниците продолжува да се надоврзува на политиките засновани на докази и се заснова на ефективни методи кои ќе поддржат успешна реинтеграција на НЕЗ и ќе го намалат ризикот за заедниците по отпустот.

# ИСТОРИЈАТ

Во октомври 2019 година, Советот на Европа (СЕ) ја започна регионалната акција „Зајакнување на казнено-поправните капацитети за справување со радикализацијата во затворите на Западен Балкан" во рамките на Програмата на хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022 година (во натамошниот текст акцијата). Програмата е кофинансирана од Европската унија и СЕ и е имплементирана од СЕ. Претходник на акцијата беше Регионалната конференција одржана во Скопје на 03-04 октомври 2018 година која обезбеди форум за затворските власти и практичарите од сите шест корисници на хоризонтални инструменти од Западен Балкан (ЗБ) кои разговараа за предизвиците на спречувањето и борбата со радикализацијата и насилниот екстремизам во затворите. Учесниците безрезервно го поздравија унапредувањето на регионалната соработка, размената на знаења и добри практики во врска со пристапите и методологиите за справување со насилниот екстремизам и радикализацијата во затворите и повикаа на натамошно зајакнување на соработката меѓу нивните соодветни затворски служби. Беа идентификувани четири клучни тематски области:

- скрининг, проценка на ризик и потреби и практики на распределба на насилниот екстремизам и радикализација што доведува до тероризам (НЕРВТ);
- рехабилитација и одвраќање од насилство;
- градење капацитети и обука на затворските и пробациските практичари за справување со насилниот екстремизам и радикализацијата; и
- подготовка за отпуст, поддршка по издржувањето на казната, реинтеграција на насилните екстремистички затвореници (НЕЗ).

[1] *Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора, Србија.*

Општата цел на проектната активност беше да придонесе на регионалната безбедност преку справување со радикализацијата во затворите и одвраќање од насилство на насилните екстремистички затвореници. Главните корисници ги вклучуваа соодветните министерства за правда – казнено-поправни одделенија и пробациски служби, додека домашното спречување и координација на насилен екстремизам (С/КНЕ) координативните тела, министерствата за труд и социјална политика, министерствата за внатрешни работи и граѓанските организации ја презедоа улогата на партнери за поддршка. Конкретните цели на акцијата беа: да се подигне свеста и разбирањето за процесот на радикализација во затворите, да се поттикне културата на споделување информации и добри практики за да се обезбеди редовна комуникација и споделување на знаење и најдобри практики со други професионални групи (како на пр. Мрежата за подигање на свеста за радикализацијата (МПСР), да им се помогне на практичарите да ги препознаат знаците на радикализација и да се оспособат службениците од првите редови со потребните знаења и вештини, а истовремено да се олесни и поттикне партнерството меѓу различните агенции. За да се исполнат овие цели, беа формирани четири тематски регионални групи кои им овозможија на практичарите и креаторите на политиките да се сретнат и да споделат информации, знаења, најдобри практики и искуства во работата со НЕЗ – кои се соочуваат со слични или специфични предизвици низ целиот регион во спречувањето и борбата против радикализацијата и насилниот екстремизам во затворски контекст и по отпустот. Дополнително, беа имплементирани низа други активности како што се регионални посети на лице место, онлајн обуки. Покрај регионалните активности, голем број активности беа конкретно изработени и ги задоволуваа приоритетните потреби на ***Србија***, ***Албанија*** и ***Косово*** во рамките на компонентите специфични за Корисникот на акцијата изработена за овие три Корисници. Исто така, акцијата тесно ги координираше активностите за регионалната димензија со пристапите кои конкретно се однесуваа на корисниците, односно ***Црна Гора***, ***Северна Македонија*** и ***Босна и Херцеговина***, што се одвиваа во рамките на проектите кои конкретно се однесуваа на самите земји.

# СТРУКТУРА НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Овој документ за јавни политики е збирка на наодите и препораките за корисниците од Западен Балкан заснован на 12 документи за дискусија што следеа по секој состанок на регионалната тематска група, 32 локални координативни форуми и дискусии за поддршката по отпустот и реинтеграцијата на поранешните НЕЗ, кои опфатија повеќе од 670 актери во општеството од централно до локално ниво, директна комуникација и повратни информации и коментари од затворски и пробациски практичари кои учествуваа во активностите за градење капацитети и пилотирање на конкретни активности за секој од корисниците и 26 заклучоци и препораки од двете финални регионални конференции. Упатството за идната политика е направено на две нивоа, имено, законодавно ниво (наменето кон законодавните органи, носителите на политики и одлуки) и ниво на имплементација (наменето за средното и пониското раководство, практичарите и лицата кои се директно се засегнати од работата со НЕЗ).

[2] *Регионална конференција „Кон подобрени практики во спречувањето на радикализацијата и борбата против насилниот екстремизам во затворите и обука на персоналот во Западен Балкан“ одржана на 17-18 мај 2022 година во Будва, Црна Гора и Регионалната конференција „Кон успешно управување, рехабилитација и постпенална помош за насилни екстремистички затвореници (НЕЗ) во Западен Балкан – достигнувања и идни чекори“ што се одржа од 04 до 5 октомври 2022 година во Тирана, Албанија.*

Како резултат на тоа, беа формулирани сеопфатни упатства и јавни политики засновани на докази. За таа цел, иако има одредени насоки кои конкретно се однесуваат на секој од корисниците, поголемиот дел од насоките се пошироко применливи и заеднички за сите корисници.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Фокусот на регионалните тематски групи како дел од овој проект беше да ги разгледаат подлабоко најдобрите практики и заедничките предизвици низ регионот во однос на спречувањето на радикализацијата и управувањето со насилниот екстремизам во затворите. За таа цел, завршните документи за дискусија од секој состанок ги разгледуваа споделените практики во регионот и изработката на попис за тоа кои пристапи моментално се имплементирани во регионот и ги истакнаа областите за понатамошен развој заедно со барањата за поддршка за корисниците. Оттука, следеше дека методолошкиот пристап кон овој труд беше тематски да се „доловат“ резултатите од ова мноштво на трудови за дискусија (12) за да се формулираат насоки за политиката и процедурите во насока на следните чекори. Овој труд користи квалитативен пристап кој вклучува тематски преглед на резултатите, завршни документи за дискусија, заклучоци од последните две регионални конференции, извештаи за евалуација поднесени од Корисниците на грантот во регионот на локалните форуми за координација и извештаи за евалуација за пилотирањето на алатки/програми кои конкретно се однесуваат на НЕЗ во ***Србија***, ***Косово*** и ***Албанија***. Дополнително, имајќи предвид дека некои од трудовите за дискусија датираат од 2019 година, за да се обезбеди посовремен поглед на тековната практика низ регионот на ЗБ, прашалниците беа испратени до сите шест корисници  со цел да се обезбеди ажурирање на нивниот моментален статус во однос на целосната имплементација на различните аспекти на проектот и нивните препораки за идната јавна политика и планирање. За таа цел, овој извештај има намера да се погрижи дека сите се „слушнати“ и да обезбеди база на докази за идните јавни политики, законодавство и донесување одлуки.

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Информациите содржани во овој извештај произлегуваат од примарните податоци (прашалници) и внатрешните и надворешните секундарни податоци (документи за дискусија, извештаите на корисниците на кои им е доделен грантот, трудовите за пилотирање на евалуацијата и наодите од регионалните конференции). Анекс 1 содржи список на документи користени за овој извештај. Во продолжение се наведени регионалните настани имплементирани во рамките на Акцијата кои послужија како темел за сеопфатната анализа и препораките на овој документ за јавни политики.

- ✓ 1-ва РГ Тема 1 на 15-16 октомври 2019 година Центревил Хотел, Подгорица
- ✓ 2-ра РГ Тема 1 на 11 – 12 февруари 2020 Центревил Хотел, Подгорица
- ✓ 3-та РГ Тема 1 на 1-3 декември 2020 година онлајн
- ✓ 1-ва РГ Тема 2 на 13-14 ноември 2019 година Хотел Новотел Бристол, Сараево
- ✓ 2-ра РГ Тема 2 на 9-10 јуни 2020 година преку онлајн платформата Кудо (Kudo)
- ✓ 3-та РГ Тема 2 на 13 и 14 октомври 2021 година Хотел Ибис Стајлс, Сараево
- ✓ 1-ва РГ Тема 3 на 11-12 декември 2019 година Хотел Рогнер, Тирана
- ✓ 2-ра РГ Тема 3 на 6-7 јули 2020 година преку онлајн платформата Кудо (Kudo)
- ✓ 3-та РГ Тема 3 на 17-18 ноември 2021 година Хотел МАК Албанија, Тирана
- ✓ 1-ва РГ Тема 4 во Хотел Холидеј Ин, Скопје 21-22 јануари 2020 г.

[3] *Србија не му достави на проектниот тим ажурирани одговори на прашалниците*

- 2-ра РГ Тема 4 на онлајн платформата од 4-6 ноември 2020 година
- 3-та РГ Тема 4 на 21-22 декември 2021 година, Мериот Хотел Скопје
- Регионална конференција: „Кон подобрени практики за спречување на радикализацијата и спротивставување на насилниот екстремизам во затворите и обука на персоналот во Западен Балкан", Хотел Сплендид Будва, Црна Гора на 17-18 мај 2022 година (Теми 1 и 3)
- Завршна регионална конференција: „Кон успешно управување, рехабилитација и пост-пеналната поддршка на насилните екстремистички затвореници (НЕЗ) во Западен Балкан – достигнувања и идни чекори", МАК Хотел Тирана, Албанија 04–05 октомври 2022 година (Теми 2 и 4) .

# МЕТОДОЛОШКИ ОРГАНОГРАМ

**Анализа на тематските документи од групните дискусии**

**Анализа на извештаите на корисниците на грантот и заклучоци од регионалните конференции**

**Прашалници за Корисниците**

**Референтна емпириска литература и упатства со најдобрите меѓународни практики**

**Интегрирани резултати и формулирани препораки на јавните политики!**

# ТЕМА 1

## Скрининг, проценка на ризик и потреби (ПРП) и практики на распределба во затворите



## Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан

На почетокот на проектот, со исклучок на *Босна и Херцеговина (БиХ)* и *Северна Македонија* кои изработија алатка за ПРП (подоцна ревидирана), ниту еден Корисник немаше специфичен скрининг или ПРП алатки за НЕЗ. Многумина добија обука за подигање на свеста за радикализацијата, но немаа конкретни насоки за да донесат информиран професионален став во оваа област. На крајот од проектот, повеќето корисници изработија и пилотираа и скрининг и алатка за ризиците/потребите во нивните јурисдикции, а некои се во фаза на целосно имплементирање на двете алатки. Исклучок од ова е *Црна Гора*, која има развиено алатка за ПРП, но која имаат многу мал број на НЕЗ и затоа утврди дека нема значителна потреба во оваа област. Кај сите други корисници се користи и скринингот и алатките за ПРП, но на различни нивоа.

Беа испратени серија прашалници до Корисниците со цел да се обезбеди „слика" за тоа каде се наоѓаат во моментот кога станува збор за имплементацијата на скринингот и алатката за ПРП. Пет од шесте Корисници одговорија и како што се гледа во Табела 1, нивото на задоволство и имплементација на алатките се движеше од одлично до неутрално. Повратните информации и коментарите од корисниците ги објаснуваат овие нумерички оценки подетално. Првиот наод е можеби најинформативен со тоа што Алатката за скрининг се применува според потребите на затворениците, а не како општа алатка за скрининг. Со други зборови, алатката се применува на оние за кои се смета дека е неопходна, наместо за наменетата цел, за да се направи скрининг на она што не е очигледно. Ова беше заеднички предизвик меѓу сите корисници со тоа што тие ја применуваат Алатката за скрининг само на оние кои се осудени за тероризам.

***Табела 1.*** *Скрининг и ПРП – просечна оценка кај корисниците*

| **Скрининг** | **Одлично** | **Добро** | **Неутрално** | **Лошо** |
|---|---|---|---|---|
| **Задоволство** | 2 | 3 | | |
| **Ниво на имплементација** | 1 | 2 | 1 | 1 |
| **ПРП** | **Одлично** | **Добро** | **Неутрално** | **Лошо** |
| **Задоволство** | 1 | 2 | 2 | |
| **Ниво на имплементација** | | 2 | 1 | 2 |
| **Пренесување на знаење во пракса** | 1 | 4 | | |
| **Сопственост** | | 2 | 3 | |
| **Корисност на обуката** | 2 | 3 | | |

[4] *Пилотирањето на алатки/програма кои конкретно се однесуваат на НЕЗ беше успешно завршено во Србија и Косово во текот на 2021 година и во Албанија во 2022 година.*

Врз основа на повратните информации на прашалниците доставени од страна на Корисниците во врска со употребата на алатката за скрининг и ПРП, може да се донесат следните заклучоци: примената на алатката за скрининг е ретка поради малиот број на затвореници осудени за тероризам и се применува според потребите на затворениците, односно оние кои се осудени за кривично дело тероризам. Сепак, сите корисници ја препознаваат важноста од применување на Алатката за скрининг како основна алатка за идентификување на осудените лица кои имаат радикални идеи, особено на почетокот на казната. Според законите и подзаконските акти, одредени јурисдикции се обврзани да ја користат алатката за скрининг, но таа претежно се користи за затвореници осудени за криминални дела на насилен екстремизам и тероризам. Кога станува збор за примена на ПРП, Корисниците сметаат дека е неопходно и незаменливо, но искуствата од пилотирањето покажаа дека тоа е сложена алатка, а некои посочија дека сè уште е потребна обука на затворскиот персонал со цел да може да се користи.

Во моментов, и скринингот и ПРП алатките се алатки кои се применуваат само во оние институции каде што оваа категорија осудени лица издржуваат затворска казна и каде што постои законска основа за нејзина примена (Скрининг алатка и ПРП). Ова доведе до планирање на посебен модул за обука за примена на алатката за ПРП кај некои Корисници. Општо земено, персоналот кој работи на психосоцијалниот аспект го пополнува формуларот за ПРП и корисниците сметаат дека формуларот што се користи за спроведување на ПРП е соодветен.

Сепак, размената на информации помеѓу различните агенции е слаба и мнозинството изразија потреба од размена на повеќе информации од структури како што се Државната полиција, Центарот за БНЕ, Обвинителството. Иако затворскиот персонал има поминато обуки и каскадни обуки на тема практична примена на АП и ПРП, беше истакнато дека се потребни дополнителни обуки во оваа област за затворскиот персонал кој ќе треба целосно да ја имплементира основната алатка и инструментот за проценка на ризик во иднина.

*Практики на распределба*

Практиката на распределба има тенденција да биде стандардизирана низ регионот на ЗБ со тоа што во повеќето случаи судот одлучува за распределбата и категоризацијата на еден затвореник. Како такви, оние кои се осудени за терористички кривични дела или дела поврзани со терористички кривични дела, се сместени во затвор со определена единица за НЕЗ. Сепак, постојат некои случаи на дисперзија, како на пр. *Северна Македонија* и *Албанија*. Во *БиХ* има промена во практиката од сместување на НЕЗ на децентрализиран начин во Притворот од затворен тип во затворот Зеница до Државниот затвор во *БиХ* каде принципот на распределба е централизиран.

На меѓународно ниво, постои дебата за најсоодветната распределба на затвореници кои се осудени за терористички престап, со аргументи за дисперзија кои произлегуваат од потребата НЕЗ да бидат изложени на „нормите" на другите затвореници и различните начини на размислување, а истовремено и да се ограничи контролата што може да ја имаат влијателните НЕЗ врз другите во групата. Аргументите за одвоено сместување ја вклучуваат целта да се ограничат таквите екстремистички идеологии на затворениците од инфилтрирање на други затвореници. Во случајот на *Северна Македонија*, како што беше претходно споменато, дисперзијата резултираше со радикализирање на други затвореници кои не се НЕЗ. Во текот на дискусиите меѓу практичарите на регионалните состаноци, имаше консензус дека во некои случаи другите затвореници можеби не ги разбираат различните практики на НЕЗ, што може да доведе до конфликт. Без оглед на прашањето за распределба на осудените НЕЗ, сè уште ќе има затвореници кои биле осудени за нетерористички дела, но кои сепак имаат екстремистички ставови, укажувајќи на потребата од општ скрининг кај Корисниците со високо ниво на екстремизам во заедницата.

### *Предизвици за примена на алатката за скрининг*

Во однос на распределбата на НЕЗ, бидејќи судот одлучува за распределба и категоризација на еден затвореник, како што е споменато погоре, во моментов има мал простор за избор каде ќе бидат сместени затворениците. НЕЗ се чуваат во одделни сместувачки капацитети од општата популација, при што повеќето корисници се согласуваат дека поради неколку причини тоа тие го претпочитале. Поради оваа причина, некои Корисници одлучија да не ја применуваат Алатката за скрининг со оглед на тоа што НЕЗ беа држени подалеку од општата затворска популација и затоа не можеа да ја „загрозат" општата затворска популација. Сепак, проблемот во *Северна Македонија* што ја вклучува радикализацијата на затворениците можеби служи за да се нагласи потребата за користење на алатката за скрининг на целата затворска популација, особено кај корисниците кај кои што има висока инцидента на радикализација во општата заедница.

Во оваа конкретна инцидента, алатката за скрининг не се користеше кај општата затворска популација, и затоа не беше познато дека одреден број затвореници кои не се НЕЗ се изложени на ризик да ги радикализираат другите затвореници. Во моментот на пишување на овој извештај, слично како и другите Корисници, *Северна Македонија* сè уште ја применува алатката само во оние институции каде НЕЗ издржуваат затворски казни. Ниту еден Корисник не ја применува алатката за затворениците во притвор или за општата затворска популација. Сепак, идејата на алатката за скрининг е да открие што не е очигледно. За таа цел, очигледно е дека поединецот осуден за тероризам може да претставува ризик за радикализирање на другите, иако тоа во никој случај не треба да биде однапред донесен заклучок.

Она што не е толку очигледно е дека припадник на општата затворска популација, кој може да биде осуден или ставен во притвор за целосно неповрзано кривично дело, може да биде ризичен и да ги радикализира другите. Како што забележа Силке (2014), терористите се хетерогени и пркосат на едноставната категоризација во еден тип или профил, што значи дека не секогаш лесно се забележуваат, особено за необучените или оние со мало искуство во тероризам. Некои кои се радикализирани не е лесно да се забележат дури и од најобучените професионалци. Не станува збор за тоа дека Корисниците не беа задоволни од алатката за скрининг, напротив како што се гледа во погорната табела, повеќето изјавија дека се многу задоволни. Се чини дека проблемот е во тоа што е потребна обука и време, а знаеме дека и двете се ретки ресурси.

Од друга страна, оние корисници кои ја имплементирале Алатката за скрининг изјавиле дека за неа не е потребно значително време бидејќи се бодува според индикаторите за однесување и може да се бодува (идеално) од затворскиот персонал кој секојдневно работи со прекршителите. Дополнително, алатката за проверка е изработена со цел да заштеди време и ресурси со тоа што нема да изврши целосна проценка на ризик/потреби на оние на кои не им е потребна.

### *Обука*

Јасно е дека постои постојана потреба за понасочен пристап за обука на персоналот за знаците на радикализација, што ќе послужи за градење на нивната доверба во користењето на алатката за скрининг. Оваа обука мора да биде динамичен процес доколку сакаме да даде резултати. За тоа говори и фактот што од почетокот на регионалните средби, со поддршка на СЕ, воведувањето на Алатката за скрининг и ПРП алатката ги зголемија вештините и самодовербата на персоналот да може да идентификува одредени показатели на однесувањето кои се очигледни во процесот на радикализација, но постои согласност во целиот регион дека треба да се помине уше подолг пат додека се стигне до напредно обучен кадар.

[5] *Silke, A. (2014). 'Risk assessment of terrorist and extremist prisoners,' in A. Silke (ed.), Prisons, Terrorism and Extremism: Critical Issues in Management, Radicalisation and Reform, pp.108-121. London: Routledge.*

## ПРЕПОРАКИ ЗА АЛАТКА ЗА СКРИНИНГ

### А. Политичко и законодавно ниво

Иако многу корисници ја презедоа сопственоста и ја имплементираа алатката, јасно е од интегрираните наоди дека за некои корисници нивото на имплементација и сопственост остануваат неутрални и лоши. За таа цел, важно е за оние корисници кои не ја имплементирале Алатката за скрининг ниту ја преземале сопственоста во свои раце, да се запрашаат кои дополнителни мерки се потребни за да се постигне тоа.

Примената на алатката за скрининг ја претставува првата фаза во борбата против екстремизмот и речиси може да се смета како „прв одговор". Алатката за скрининг треба да се примени на општата затворска популација (вклучувајќи ги и оние кои се во притвор пред почетокот на судењето), без оглед на распоредот на затворениците, особено меѓу општата затворска популација кај оние корисници кои имаат висока инцидента на радикализација во заедницата. Исто како што е вклучена обуката за подигнување на свеста за самоубиство и самоповредување во воведната обуката на персоналот кај многу Корисници, ова очигледно ќе изискува тековна обука за затворскиот персонал, кој во идеални услови треба да биде вклучен во секоја воведна обука за затворскиот персонал, вклучувајќи ги и оние кои работат со притвореници пред почетокот на судењето.

Скринингот има значителни импликации за човековите права, но важно е во првите редови на секоја јавна политика во однос на скринингот да се има предвид дека бараме екстремни форми на однесување. На пример, што е екстремна форма на религиозна практика? Индивидуалните оценувачи ќе имаат различни нивоа на толеранција во однос на ова прашање и упатствата во Алатката за скрининг се таму за да го намалат ова ниво на субјективност што е можно повеќе. Во однос на радикализацијата, препознавањето на девијантно однесување е често спроведено со еднострано фокусирање на личните норми и вредности наместо структурираните проценки за насоката во однос на ризичното однесување. Алатката за скрининг, кога се користи правилно, ги минимизира индивидуалните вредносни системи кои можат да влијаат на нормата за рано откривање  преку збир на јасни индикатори. Корисниците треба да бидат поддржани во разбирањето на потребната рамнотежа помеѓу правата и слободите на поединците со грижата за јавната безбедност. Поединците се слободни да имаат екстремни, па дури и радикални ставови (Лојд и Дин, 2015; Смит, 2016), сè додека не учествуваат или не поттикнуваат насилство. Идните јавни политики мора да ја балансираат потребата за заштита и борбата против тероризмот, истовремено ублажувајќи ја секоја шанса за дополнително отуѓување на поединецот или поддржување на причините кои довеле до тоа поединецот да се радикализира. Иако не се дадени препораки во однос на општите политики и законодавството во врска со распределбата на НЕЗ, треба да се забележи дека ќе има затвореници кои се во притвор за дела кои не се поврзани со тероризам, но кои сепак имаат екстремистички ставови. Потребата од скрининг во рамките на општата затворска популација е важна, особено кога има високи нивоа на екстремизам во заедницата. Ако поединецот има високи оценки на Алатката за скрининг и последователната ПРП, но не е осуден за терористички престап, треба да има јасно законодавство и политики во врска со тоа каде треба да биде сместен овој затвореник.

### Б. Ниво на имплементација

Ако општата имплементација на Алатката за скрининг се случува на ниво на јавна политика и законодавство, важно е целиот персонал да биде обучен за основите за тоа што да бара во однос на однесувањето што загрижува. Како што беше споменато претходно, управата треба да се погрижи дека за сите нови регрути во затворот свеста за радикализацијата е дел од нивната воведна обука.

[6] *Annemarie van de Weert (2022) Justice and risk assessment: the subjectivity of pre-emptive screening of radicalisation processes, Journal of Policing, Intelligence and Counter Terrorism, DOI: 10.1080/18335330.2022.2124123*

Алатката за скрининг може да се пополни секогаш кога има загрижувачко однесување, а точките се таму за да го водат персоналот во одредувањето дали поединецот треба да биде упатен на поцелосна проценка на ризик. Според тоа, не е ограничена само на новопримените, туку може да се користи во секое време за време на издржувањето на казната на затворениците. Важно е општите правила околу Алатката за скрининг да се почитуваат во смисла на разбирање дека затвореникот не мора да биде интервјуиран како дел од скринингот за процесот на радикализација. Така, секој припадник на безбедносниот персонал може да ја пополни алатката за проверка ако поминал обука. Ова ќе послужи за заштеда на скапоцените ресурси во однос на обемот на работата на персоналот кој работи на психосоцијалните аспекти. Дополнително, Алатката за проверка може да биде посигурна ако ја комплетира припадник на безбедносниот персонал земајќи предвид дека тие се секојдневно со затвореникот, така што е многу поголема веројатноста да видат промени во однесувањето. Додека се во затвор, радикализираните лица и НЕЗ можат да најдат неколку лути, разочарани млади мажи и жени кои се среде егзистенцијална криза (Бјоркман, 2010) и кои се на работ лесно да се радикализираат. Ефективниот пристап на мониторингот е клучен за идентификување на затворениците кои се изложени на ризик од радикализација и, следствено, нивно спречување од прифаќање на насилно екстремистичко однесување.

Оттука, следењето треба да се фокусира не само на овие лица (т.е. оние кои се изложени на ризик), туку и на НЕЗ и радикализираните лица кои работат како регрутери, ширејќи ја својата идеологија на ранливите затвореници. Како и погоре, во однос на распределбата, иако не се дадени препораки во однос на општите политики и законодавството во однос на распределбата на НЕЗ, треба да се забележи дека ќе има затвореници кои се во притвор за дела кои не се поврзани со тероризам, но кои сепак имаат екстремистички ставови. На ниво на имплементација, алатката за проверка е од витално значење за откривање на таквите лица.

### *Предизвици за имплементацијата на алатката за проценка на ризик и потреби*

Беше договорено од сите Корисници чии претставници учествуваа на регионалните тематски состаноци (2019–2021) дека показателите за однесувањето подложно на радикализација треба да бидат во фокусот на секоја алатка за ПРП, а не подложноста на радикализација, што беше постигнато кај секој Корисник за време на акцијата. Слично на тоа, беше препорачано структурирање на алатката за ПРП за да се обезбеди нејзина применливост во регионот на Западен Балкан и беше постигнато кај секој Корисник за време на фазата на дејствување преку акцент на емпириската литература (потурнување, повлекување и лични фактори).

Со поддршка на СЕ, алатката за ПРП е успешно развиена и пилотирана кај Корисниците (***Србија***, ***Северна Македонија***, ***Косово***, ***Босна и Хецеговина*** и ***Албанија***) и целосно имплементирана кај некои од нив (***Косово***, ***Босна и Херцеговина***). Резултатите од прашалниците покажуваат дека поголемиот дел од Корисниците биле задоволни од алатката за ПРП, а таа се користи според расположливите можности, односно бројот на обучени вработени во секторот за ресоцијализација. Целосната имплементација на алатката за ПРП беше проблематична на неколку различни нивоа, сепак, двајца корисници пријавија дека алатката не е целосно имплементирана. Постојат неколку причини за ова, а главната е тоа што тие корисници немаат прекршители кои се НЕЗ. Сепак, дополнително прашање е обуката и довербата во затворскиот персонал. Додека за обуката на затворскиот персонал ќе биде поцелосно известувано во насловот на Тематската група за оваа област, важно е да се одвои поспецијализираната обука за ПРП и причините поради кои алатката не била целосно имплементирана во идните одлуки поврзани со јавната политика.

### *Структурирано професионално расудување*

Прво, досега, кај повеќето корисници при спроведување на проценките на ризикот постоеше потпирање и културно очекување за добивање некаков вид „оценка“ што ќе покаже дали поединецот е со низок, среден или висок ризик.

Во изминатата деценија, сепак, имаше поместување од „оценка" (или попознат како актуарски метод или метод на предвидување на проценката на ризикот) со акцент на индивидуализирано структурираното професионално расудување. На неколку различни нивоа, ова се покажа како најтешкиот аспект за повеќето Корисници. Во други јурисдикции, персоналот задолжен за психосоцијалниот аспект, особено психолозите и психијатрите, добиваат обемна и постојана обука (често на постдипломско ниво и пошироко) за донесување структурирани професионални судови за човечкото однесување што доведува до одлуки за слобода или санкции. Обуката што ја добија корисниците за проценка на ПРП за време на овој проект, разбирливо ја пропушти оваа важна основна обука и влезе директно во поспецијалистичката проценка на насилниот екстремизам. И покрај тоа што корисниците се уверени дека алатката за ПРП нема способност за предвидување и се користи за распределба на поединците на најсоодветната форма на третман, ова резултираше со значително ограничување на нивното ниво на доверба. Структурното професионално расудување бара добро оспособени затворски кадри кои можат да ги обработуваат и анализираат резултатите и податоците што ги прегледуваат и континуирано подигање на свеста и разбирање на литературата во врска со радикализацијата.

### *Размена на информации*

Потребата за континуирано подобрување на меѓусекторската (внатрешна) и повеќеагенциската (надворешна) размена на информации беше дискутирана во текот на проектот и останува очигледна денес, со многу малку промени во таа област. Воспоставувањето на формална процедура би го олеснило овој процес. Целта на ова е да се обезбедат подобри информации за процедурите за проценка на ризикот и потребите во затворот и да се зголеми довербата кај персоналот дека донесувањето одлуки е засновано на веродостојни информации. Ова станува уште поважно тогаш кога затворениците не се согласуваат да бидат интервјуирани за целите на проценката на ПРП и персоналот мора да се потпре на информациите од досиејата. Овие информации од досиејата често се малку ограничени што резултира со несигурно донесување одлуки во најлош случај, но почесто, недостаток на доверба во персоналот или способноста да се направи ПРП поради недостаток на информации. Белешките со насоките што ја придружуваат алатката за ПРП јасно покажуваат дека ако нема доволно информации за одредена ставка, оваа ставка треба да се испушти. За време на фазата на пилотирање, имаше неколку случаи меѓу корисниците каде што имаше толку многу испуштени ставки што секоја одлука заснована на алатката беше неверодостојна. Во текот на фазата на развој и пилотирање, постојано беше договарано дека механизмите за повеќеагенциската соработка треба да станат одржливи и целосно управувани од страна на корисниците. Добар пример за овој процес е сеопфатниот пристап (и прирачникот) за управување со случаи изработен во ***БиХ*** каде што постојат јасно дефинирани механизми за размена на информации помеѓу различните засегнати страни. ***Косово*** има сличен пристап во тоа што има централна разузнавачка единица и назначено лице кое управува со споделувањето на информации. При спроведувањето на формалниот скрининг и проценка на ризикот на затворениците во ***БиХ***, проценителите имаат пристап до кривичните досиеја, социјалната историја од центарот за социјална работа, информациите од казнено-поправната безбедносна служба кои пополнуваат информативен прашалник (скрининг) при прием на затворениците, информациите од извештајот се одобрени во приемното одделение (психолог, педагог, социјален работник, криминолог), и податоците од затворската здравствена служба кои се вклучени во податоците за процесот на проценка на ризикот.

Исто така, важно е да се нагласи дека споделувањето на информации е „двонасочна улица". Ова беше видливо во дискусиите за време на регионалните тематски состаноци од присутните надвор од казнено-поправната служба, како што се социјалните работници, безбедносните служби и пробациските служби, кои бараат информации за ризикот и потребите кога поединецот треба да биде пуштен во заедницата.

[7] *види Документ за дискусија, скрининг и ПНП, декември 2020 година за поширок поглед на прашањата околу динамичната безбедност.*

Поради барањата за заштита на податоците и класификацијата, затворските и условните службеници сè уште немаат двонасочен проток на информации, во многу случаи тие не добиваат ниту многу основни информации како што се степенот на радикализација, познатите подружници, вмешаноста во воените злосторства, специјалните воени вештини итн. За да се избегне овој недостаток беа препорачани заеднички активности за обука за да се олесни понатамошната соработка, знаење и развој на вештини. Во суштина, овие организации треба однапред да знаат што е тоа со што управуваат и како да управуваат со ризикот и да се грижат за потребите. Информациите од трети страни вклучуваат судски извештаи, извештаи од затвор и друга затворска документација, полициски извештаи, проценки на затворскиот и пробацискиот персонал итн. Ова се обично најлесно достапните информации за процесот на проценка на ризикот и играат главна улога во информирањето на целокупната проценка.

*Кога да се користи алатката за проценка на ризик и потреби?*

Во која било фаза од казната на затвореникот, ПРП е критична за насочување на интервјуата и планирањето на казната со затворениците. Оваа последна точка е важна во однос на времето. Повеќето Корисници спроведуваат ПРП за време на почетната фаза на прием за затворениците кои се осудени за терористички престап. Сепак, процесот се развива (полека) при што тие спроведуваат ПРП следејќи ги резултатите од алатката за скрининг. Дополнително, беше заклучено дека ПРП треба да се повторува на редовна основа со цел постојано обезбедување на информации за планот на казна на затворениците во насока на ажурирање на сите заостанати ризици и потреби. Ова допрва треба да се спроведе, но се смета за најдобра практика. Во најмала рака, целосната проценка на ПРП треба да се повтори пред лицето да се отпушти.

*Информациска база на податоци*

Постојано се доведуваше до заклучокот дека најдобрата практика е да се има централна база на податоци каде што може да се пристапи до информациите за затворениците за да се информира скринингот и проценката на ризикот. Дополнително, беше препорачливо безбедносните информации за информирање за проценката на ризикот да бидат анализирани од страна на затворската разузнавачка единица. На целиот персонал кој го спроведува скринингот и ризикот треба да му се достави краток безбедносен извештај во кој ќе се наведат сите безбедносни грижи. Кај многу Корисници овие прашања остануваат отворени.

*Ангажирање на затворениците и информирана согласност*

Ангажирањето на затворениците во процесот на интервјуто беше значаен проблем кај Корисниците за време на проектот и додека голем дел од персоналот доби обука за мотивациско интервјуирање како дел од почетната пилот обука, ова мораше да се повтори кај голем број корисници кои ја следеа пилот обуката. Податоците што го поткрепуваат овој извештај сугерираат дека ова ќе остане тековно барање за сите Корисници во насока на развивање на компетентноста и вештините за работа со оваа група поединци. Сепак, исто така се забележува дека интервјуирањето за целите на проценката на ризикот е доброволно (спроведувањето на проценка на ризик не е) за поединецот.

## *ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И ПОТРЕБИ*

### *А. Политичко и законодавно ниво*

Целта на тековниот проект не беше само да се поддржат корисниците во изработката или приспособувањето на алатките за скрининг и ПРП, туку да се осигури дека тие се развиени од перспектива на човековите права. Сите насоки во развојот на јавните политики во оваа област мора прво да го гарантираат почитувањето на таквите принципи.

Најважно меѓу нив е правото на слобода на мисла (член 9 ЕКЧП), кое треба да продолжи да дава основни насоки во развојот на секаква проценка на ризик/потреби на затворениците. Манифестацијата на екстремистичките верувања сама по себе не е опасна. Станува опасно кога таквите верувања или мисли се манифестираат во акција или намера да се дејствува. Дисеминацијата на сите достапни податоци сугерира дека многу позитивен аспект на проектот е тоа што алатката за ПРП е изработена од работните групи во рамките на сите Корисници при што се земаат предвид овие важни принципи. При балансирање на податоците меѓу различните трудови изработени како дел од овој проект, и како одговор на прашалниците испратени до учесниците, за водење на идната јавна политика во обезбедувањето заштита на човековите права, оваа последна точка е важна за корисниците да се погрижат дека алатките за ПРП мерат што тие наумиле да измерат, а за да се постигне тоа потребно е постојано следење. Вакви какви што се, алатките за ПРП развиени за време на овој проект се придржуваат до таквите насоки. Тие се засноваат на емпириската литература на поттурнување, повлекување и личните фактори и корисниците треба да се погрижат за понатамошните промени или развојот на нивните алатки до кои овие принципи се придржуваат. Исто така, треба да има одредена одредба за постојано обновување на базата на знаење во врска со овие алатки за да се гарантира дека тие се засноваат на најновите емпириски наоди. Партнерството со универзитет или академска институција би било многу корисно во оваа област. Досега има ограничени докази дека постои континуум помеѓу радикалната мисла и терористичката акција, што во многу јурисдикции се користеше за да се поткрепи законодавството за криминализирање на „ненасилниот екстремизам“. Затоа, секоја промена на алатките за ПРП треба да вклучи експерти од оваа област. За религиозно инспириран екстремизам, важно е да не се мешаат луѓето кои можеби (по втор пат) ја откриле својата вера со луѓето кои развиле радикални ставови. Повеќето луѓе кои се преобратуваат или се враќаат (на пример, во исламот) за време на затворот, го прават тоа од мирни индивидуални мотиви или за да се поврзат со други група затвореници. Сепак, предрасудите околу поврзаноста меѓу религијата и екстремизмот остануваат присутни и може да ја попречат добрата проценка на ризикот.

Алатките за скрининг и алатките за ПРП се онолку добри колку што е добар поединецот што ги спроведува, така што континуираната обука на персоналот и усовршувањето мора да бидат дел од политиките кои се однесуваат на оваа област. Предрасудите и стравот може да доведат до прекумерно пријавување и негативни интеракции кои пак може да ги поткопаат сите напори за одвраќање од страна на Корисниците. Обезбедувањето на континуирана валидност и веродостојност на алатките е од суштинско значење при донесувањето одлуки засновани на докази. Сепак, досега алатките развиени во рамките на овој проект немаат способност за предвидување (способност да предвидат дали може да се случи терористички чин или насилен екстремизам во иднина). Ова беше надвор од делокругот на овој проект и потребни се многу години статистичка анализа и резултати, главно засновани на стапките на рецидивизам за да може да се одреди предвидувачката природа на алатките. Во моментов не е достапна алатка за проценка на ризик со предвидувачки квалитети за НЕЗ. Во однос на управувањето со ресурсите и индивидуализираното планирање на третманот, алатките се корисни и треба постојано да се следат за да одговараат на потребите на намерата. Важно е кога се развиваат политики и законодавство околу проценката на ризикот прашањето за информирана согласност да биде јасно изразено. Затворениците имаат право да одбијат да бидат интервјуирани и не можат да бидат казнети за тоа. Од одбивањето на затвореникот да се вклучи во процесот на интервју не може со сигурност да се извлече заклучок во врска со ризикот или опасноста. Некои Корисници или не му ја кажале причината за интервјуто на затвореникот или предложиле друга причина во случаи кога затворениците одбиле или им кажале на другите затвореници за интервјуто. Ова е прекршување на човековите права и сите идни политики треба да ја одразуваат потребата за информирана согласност во процесот на интервју. Тековната обука за мотивационо интервјуирање може да помогне да се поддржи персоналот во развојот на понатамошни вештини за ангажирање на затворениците.

[8] *Rita Augestad Knudsen (2020) Measuring radicalisation: risk assessment conceptualisations and practice in England and Wales, Behavioral Sciences of Terrorism and Political Aggression, 12:1, 37-54, DOI: 10.1080/19434472.2018.1509105*

Со оглед на едногласниот договор меѓу сите Корисници дека соработката со повеќе агенции е клучна во идентификувањето и управувањето со ризиците поврзани со радикализацијата, стандардните оперативни процедури би биле добра почетна точка за да се обезбеди реализација на овој процес. Пристапот за управување со случаи усвоен од ***БиХ*** и процесот усвоен од ***Косово*** се добри појдовни точки, а преку нив може да обезбедиме соработка со повеќе агенции која, исто така, ќе обезбедува информации за делот кој се однесува на потребите од алатката за ПРП со цел да се гарантира дека на НЕЗ им се обезбедени можности за рехабилитација. Во рамките на надлежноста на повеќеагенциската соработка, може да се споделат експертиза и информации, соодветно да се соопштат индивидуалните ризици и да се изготват акциски планови. Секој учесник на состанокот на тематската регионална работна група (РГ) имаше голема корист од примерите дадени од поединечни корисници на повеќеагенциското работење и беше договорено дека ова е стандард на кој треба да се работи кај сите корисници. И покрај тоа што за тоа дополнително ќе се дискутира во делот за обука во рамките на овој извештај, мрежата „Иницијатива за спречување на холистичката радикализација" за континуирана обука и споделување на знаења на Балканот, земјите од Јужна и Источна Европа, чија цел е да развие мрежа за континуирана обука и споделувањето на знаењето на Балканот, земјите од Јужна и Источна Европа, треба да се користи за обезбедување на информации за сите насоки во рамките на јавната политиката, како и ажурираните информации од ПНП.

### Б. Ниво на имплементација

Како што истакнува Силке, затворот не го реформирал поранешниот лидер на Ал Каеда Ајман ал Завахири, не го рехабилитирал и секако не успеал да го дерадикализира. Успеал само да го направи поопасен" (Силке, 2014б, стр. 108). За таа цел, Корисниците имаат потреба од системи преку кои ќе се осигураат дека нивната практика на рехабилитација може да ги следи оние кои се изложени на најголем ризик да станат радикализирани или да ги радикализираат другите. Ова вклучува динамична безбедност. Поимот „динамична безбедност" може да се дефинира и разбере како дејствија кои придонесуваат за развојот на професионални, позитивни односи меѓу членовите на персоналот и прекршителите. Имајќи го предвид ова, персоналот кој се грижи за безбедноста повеќе ги познава одговорните лица отколку персоналот кој се фокусира на психосоцијалниот аспект и е вреден извор на информации со кои ќе придонесе на ПРП. Секторот безбедност треба да обезбеди проценувачи на ризиците со краткорочен извештај за сите релевантни фактори поврзани со безбедноста кои може да влијаат на нивната ПНП оценка.

Разузнавачките податоци потребни за точен скрининг и проценка на ризикот ги содржат следниве елементи: **Минато** - засновано на прекршокот и другите прекршоци, предизвикувачи и ситуациски контексти. Кои се познатите фактори на ризик? Оваа информација може да дојде од широк спектар на извори, вклучувајќи судски записници, безбедносни/полициски информации, социјална работа и криминална историја. **Сегашност** - скенирање на животната средина. Сегашно однесување, ситуациски контексти и заштитни фактори. Ова се случува во затворската средина и постои потреба да се биде што е можно поконкретен за тоа кои се тие показатели на однесувањето и зошто се релевантни. Рамнотежа на одлуки: со оглед на овие промени и нивната важност за однесувањето во минатото, што функционално треба да се направи за да се управува и/или да се ублажи овој ризик? Зголемениот мониторинг треба да го вклучи она што се следи. Дополнително прашање за Корисниците во обезбедувањето на добри затворски разузнавачки информации е поврзано со однесувањето кое може да се спореди со секвенцата на однесување пред извршувањето на кривичното дело (ОПБ). ОПБ се јавува кога поединецот покажува низа на однесувања, мисли или емоции, кои наликуваат на мислите или емоциите на однесување кои биле присутни пред и/или за време на кривичното дело кое го направиле (Вакама, 2008). При оценувањето на алатката за ПРП, оценувачите треба да внимаваат на овој концепт и дали некои однесувања би можеле да бидат ОПБ.

[9]*види Документ за дискусија, Скрининг и ПНП, декември 2020 година, страница 5*

Како и ***Албанија***, ***БиХ*** предложи поформален механизам за собирање информации, како што е централна база на податоци. Определеното лице за контакт во секој затвор треба да добие обука за анализа на разузнавачки податоци за подобрување на разузнавачките производи и евентуалното задолжување на персоналот со дополнителни информации. Во однос на мултидисциплинарниот пристап, во ***Косово*** има тесна соработка со персоналот од воспитно-поправните установи, надзорниците на одделенијата, управителите на одделенијата, институционалните разузнавачки служби, по потреба, директен контакт со директорот на разузнавање. Се одржуваат редовни месечни состаноци кои ја вклучуваат целата група која работи со НЕЗ. Социјалните работници ги внесуваат податоците во базата која ја следат агенциите и социјалните службеници добиваат информации директно од директорот на разузнавањето, кој е одговорен и за работата на оваа категорија затвореници. Податоците за поединечните проценки за радикализацијата се споделуваат со директорот на разузнавањето преку е-пошта и доколку имате сомневања, тогаш овие податоци се споделуваат со управителот на одделението и разузнавачкиот персонал.

Овој модел на најдобра практика лесно може да се усвои од другите Корисници. Унапредување на разузнавачката способност во рамките на затворот вклучувајќи ја и анализата на информациите и воспоставувањето на механизам за комуникации со надворешни агенции за дополнителни информации и прибирање на разузнавачки податоци. Затворениците не мора да бидат интервјуирани заради проценка на ПРП. Во однос на информираната согласност, на затворениците мора да им се каже за целта на интервјуто и за доброволната природа на учеството. Иако секогаш постои опасност дека нема да се вклучат; затворениците имаат право да знаат за што се интервјуирани и да одбијат. Ако има доволно информации во досието, тогаш ПРП може да се бодува. Доколку нема доволно информации во досието на законодавно ниво, овие информации мора да се филтрираат за да може да се следи ситуацијата. ПРП треба да ја следи Алатка за скрининг доколку е така наведено. Може да се заврши за време на фазата на прием, но исто така треба редовно да се ревидира во текот на издржувањето на казната на затвореникот. За време на пилот фазата и во групите за дискусија, Корисниците едногласно известија дека за процесот на мотивациско интервју е потребно време.

Препорачливо е оној кој го прави интервјуто да го подели интервјуто на два дела со по приближно 45 минути одредени за секој од деловите. Целта на алатката за ПРП е да користи структурирано професионално расудување (СПР) за да одреди кое ниво на ангажман за рехабилитација да се воведе за затвореникот, што може да се сумира во планот за третман. Идеално, овој план за третман треба да биде спроведен од мултидисциплинарен тим. Како таков, во фазата на имплементација важно е да се разбере дека комплетирањето на проценката на ризикот и планот за последователен третман бара време и трпение. За време на проектот беше многу очигледно дека често, на персоналот не му беше доделено доволно време за да го направи горенаведеното и од нив се очекуваше да направат проценка на ризик покрај нивните вообичаени должности. За да се обезбеди заштита на човековите права и точна проценка на ризикот, јавните политики треба да го отсликуваат фактот дека при распределбата на работата на персоналот треба да се има предвид дека им е потребно време за да се направат овие проценки.

**Сигурност меѓу оценувачите** (две лица кои оценуваат ист затвореник) е корисен метод за проценка на затвореникот во однос на веродостојноста на алатката што се користи, но со исклучок на горенаведеното, тоа претставува добар метод за обезбедување континуирано усовршување на персоналот во однос на проценката на ризикот, каде што имаат можност да разговараат за информациите за досието и за затвореникот. Содржината на обуката со текот на времето се заборава, па затоа е важно да се погрижиме дека персоналот има можности и време да ги одржи и унапреди своите вештини за проценка на ризикот. Вградувањето на некои проверки на веродостојноста меѓу оценувачите од страна на колегите е добар начин да се постигне тоа.

# ТЕМА 2

## Рехабилитација, третман и одвраќање од насилство на радикализирани и насилни екстремистички затвореници



## Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан

Сите шест Корисници ја препознаа тежината на ризикот од радикализацијата во затворите и потребата од спроведување на ефективни програми за рехабилитација за да се одвратат и дерадикализираат поединците од употреба на насилство. Сите Корисници имаат општи програми за рехабилитација институционализирани во рамките на нивните поправни служби. Програмите за рехабилитација што се спроведуваат во различни затвори кај шесте корисници-учесници се разликуваат, при што *Северна Македонија* и *БиХ* ја истакнуваат компонентата на програмата за когнитивен развој. Во *Северна Македонија* програмата за когнитивен развој беше пилотирана во три казнено-поправни установи. Општата програма за рехабилитација на *Албанија* се фокусираше на спроведувањето на националната образовна програма и другите стручни вештини за затворениците. Ова е слично со програмата за рехабилитација во *Косово* каде што постои општа (задолжителна) програма, која вклучува и когнитивни вештини и некои обуки за стручни вештини, како и специфична образовна програма (незадолжителна). Корисниците беа слични по тоа што нивните напори за справување со радикализацијата беа насочени кон одвраќање од насилство наместо дерадикализација и по тоа што напорите за рехабилитација во развојот беа насочени во таа насока. Главните заеднички елементи за интервенциите на НЕЗ во целиот регион беа зададени со цел да се осигураат дека секој план за рехабилитација е индивидуализиран според ризикот и потребите на затворениците. Сите корисници имаат, или се во процес на имплементација, на алатка за ПРП која конкретно се однесува на НЕЗ за да се одреди нивото на ризик и потребата на секој еден затвореник, чиишто влезни информации служат како основа за изработка и индивидуален план за рехабилитација/третман. *Албанија*, *Косово* и *Србија* имаат развиено конкретни алатки за НЕЗ и индивидуални програми за рехабилитација за НЕЗ во рамките на Акцијата и успешно ги пилотираат. Пилотирањето ја докажаа функционалноста и применливоста на овие алатки и индивидуалната програма за рехабилитација во рамките на нивните казнено-поправни контексти и нивните специфичности, сепак беа идентификувани одредени предизвици кои беа целосно ставени во секојдневната практика при работа со НЕЗ.

## Предизвици за примена на индивидуалниот пристап за рехабилитација на НЕЗ

Еден од главните предизвици што ги идентификуваа сите Корисници беше недостатокот на доволно финансиски ресурси потребни за спроведување на интервенции за рехабилитација. Покрај недоволните човечки ресурси и нивните обуки. Сите учесници го препознаа фактот дека е потребно градење на капацитети и обуки за затворскиот персонал кој работи со НЕЗ. Забележано е дека динамичното обезбедување, кое има за цел градење добри односи меѓу затворскиот персонал и затворениците, игра значајна улога во зајакнувањето на соработката и градењето доверба со НЕЗ и треба да се прилагоди во сите интеракции со нив. Беше забележано и дека сите корисници имаат ограничени ресурси кога станува збор за иднината. Развојот на вештини и знаења за процесите на одвраќање и особено дерадикализација, конкретно во врска со религиозната идеологија за затворскиот персонал беше клучно повторена од страна на практичарите, по потреба.

Прашањето за тоа колку НЕЗ се мотивирани да учествуваат во БНЕ, дерадикализацијата или слични видови на интервенции покрена некои клучни прашања. Во некои случаи, постои или отсуство или минимална желба за промена. Некои НЕЗ имаа сложени ставови и не го почитуваат легитимитетот на затворските власти и законот. Една навидум очигледна можност за вклучување имами во процесот на рехабилитација беше отфрлена од некои НЕЗ, кои протестираа поради тоа што се прават обиди да се влијае на нивните религиозни убедувања. Клучно е кога се вклучуваат верските водачи во напорите за рехабилитација, тие да бидат добро обучени. Од клучно значење за таквите личности е да најдат начин како да ги заинтересираат НЕЗ во процесот на преиспитување на нивните верувања и во иницирање на внатрешна промена.

Без разлика дали НЕЗ се активно отпорни во оваа фаза или не, првиот чекор кој се врти околу мотивацијата и довербата честопати беше најтешкиот дел од рехабилитацијата. Покрај ова, значајна предност може да се стекне со обезбедување програми кои имаат главно стручна обука или акцент ориентиран кон работата. Заедничко за сите корисници беше употребата на Мултидисциплинарен тим (МДТ) кој обезбедуваше информации за ризикот/потребите, а со тоа и планирањето на третманот за секој затвореник, што е во согласност со стандардите на меѓународните најдобри практики. Заедничкиот став кој Корисниците го споделуваа е дека програмите за рехабилитација за НЕЗ не треба да бидат временски ограничени или фиксни по времетраење, туку дека треба да бидат тековни и дека редовно треба да се ревидираат за да се утврди дали секое движење на ризиците и потребите - се зголемило или намалило. Сите Корисници го поддржаа вклучувањето на стручната обука како метод за градење вештини, но и како метод за одвлекување на вниманието од радикализираните ставови. Постоеше универзален консензус дека секој напор за рехабилитација треба да вклучува интегрирани услуги, идеално со специјализирана единица која ќе ги координира овие услуги и во затворот и во заедницата. Заедничкото сфаќање беше дека е потребно да се избегне практиката на директно предизвикување на верувањата, но да се користи мотивациски пристап за да се истражи разликата помеѓу основните вредности и идентитетот на поединецот пред радикализацијата и нивниот нов идентитет како резултат на радикализацијата. Иако имаше одредени разлики во поттурнувањето, повлекувањето и личните фактори кај корисниците, повеќето од нив споделија слични искуства со овие фактори со планови да се вклучат методи за користење на овие искуства кај поединечните НЕЗ со различни фактори на поттурнување/повлекување/ и лични фактори. Понатамошната вообичаена тема беше нивото на посттрауматско стресно растројство (ПТСР) и анксиозност кај борците повратници, за што беше потврдено дека е потребен поспецијалистички придонес од психолозите и давателите на здравствена заштита како дел од мултидисциплинарниот пристап. Се препорачува проценката за ова да биде стандардизирана за време на периодот на прием и да биде дел од проценката на ризик/потреби, особено за идентификување на сите фактори на одговорност што би можеле да влијаат на способноста на поединецот да се вклучи во напорите за рехабилитација.

Напорите да се обезбедат понуди за интервенција за радикализираните затвореници доаѓаат со различна низа на предизвици за управување со други затвореници, бидејќи многумина имаат длабоко вкоренети погледи на светот. Заедничка тема беше итната потреба од „унапредување" на персоналот за управување со затворениците и во контекст на третманот, но и на секојдневна основа. Треба да се запомни дека рехабилитацијата на затворениците не е ограничена само на терапија или третман, туку во идеална средина се случува во контекст во кој сите вработени во затворот работат кон иста цел. Меѓу заедничките предизвици во регионот беше потребата да се зголемат човечките ресурси и да се инвестира во обука на персоналот, лидерството и соодветниот надзор на персоналот ангажиран во програмите за рехабилитација. За време на траењето на Акцијата, беше развиена и пилотирана индивидуална методологија за рехабилитација на НЕЗ. Вештините за реализација на овие програми се задолжителни.

Обуката за мотивациско интервјуирање е приоритетна обука што му е потребна на персоналот. Тема која се наметна беше потенцијалната загуба со текот на времето на знаењето дадено за време на обуката, што може да резултира со недостаток на доверба за спроведување на пилот проектот, како дополнение на другите предизвици поврзани со прераспределбата на персоналот и бројката на персонал, како и намалената поддршка од раководството. Ова е критичен аспект бидејќи рехабилитацијата започнува кога затвореникот првпат ќе влезе во затворот, без разлика дали е во притвор во очекување на судењето или веќе осуден. Во овој контекст, сесиите за подучување (коучинг) беа примени како многу добар метод за обезбедување на обука во реално време за искористување на вештините.

*[10]Во Албанија, Србија и Косово, алатките/програмите специфични за НЕЗ беа успешно пилотирани во рамките на Акцијата.*

## КАПАЦИТЕТИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КОРИСНИЦИТЕ

### Косово

На почетокот на Акцијата, во *Косово* беа водени три различни доброволни програми од психолози, социјални работници и имами. Програмите беа насочени кон проблеми со менталното здравје, верски совети, градење когнитивни вештини, образование и обука за стручни вештини, креативни и рекреативни активности и семејно ангажирање. Покрај тоа, има три работилници каде НЕЗ може да се обучуваат и да добијат сертификат за соодветната струка. Имено, сертификатот го нема името на затворот или неговото лого, за да се намали стигмата во врска со НЕЗ при нивното повторно влегување на работното место. Претходно, учеството на НЕЗ во програмата за рехабилитација беше обесхрабрено од идеолошките лидери меѓу популацијата на НЕЗ, кои вршеа притисок врз другите да не се приклучат. Отстранувањето на овие високоризични, високо влијателни поединци резултираше со поголема соработка и учество на останатите НЕЗ. Во рамките на тековната Акција, беа изработени методологија и упатства за програмата за рехабилитација кои се однесуваа конкретно на НЕЗ, кои беа пилотирани во косовскиот затвор Дубрава и во затворот со највисока безбедност. Оваа програма беше пилотирана со користење на мултидисциплинарен пристап. Програмата за рехабилитација е поделена на два дела кои ги рефлектираат најдобрите меѓународни практики во интервенциите со НЕЗ. Првиот дел е фокусиран на ориентацијата на затвореникот кон затворскиот живот, помирувањето со неговата/нејзината казна и градењето однос/доверба со олеснувачот. Вториот дел го опфаќа целиот процес на издржување на казната (види Прирачник за рехабилитација на МПСР). На учеството му претходеше детална проценка на ризикот и потребите поврзани со рехабилитацијата со помош на контролна листа за нивно идентификување и евидентирање. Сесиите вклучуваат широк спектар на елементи и се однесуваат на развојот на самоконтрола, стекнување на когнитивни вештини и фокус на емоционалната саморегулација. Генерално, олеснувачите беа задоволни од програмата за рехабилитација, но тие изразија загриженост за тоа колку време им е доделено на олеснувачите да ја водат програмата покрај нивните вообичаени должности. Друг коментар од Корисникот зборува за потребата од понатамошна обука на персоналот за реализација на такви програми, особено поради тоа што персоналот често се ротира/менува должност.

### Албанија

На стартот на Регионалната акција, во *Албанија* интервентните програми за рехабилитација беа во почетна фаза бидејќи досега немаше спроведување на програмата. Како што беше забележано од другите Корисници, осудените НЕЗ често не ги прифаќаат овластувањата на затворскиот персонал, судството и другите официјални чинители. Ова доведе до значителна потреба за поголема обука на персоналот за тоа како да се оствари поефикасна интеракција со НЕЗ, особено за да ги мотивира да учествуваат во интервенциите за рехабилитација. Исто така, постоеше и загриженост околу тоа дали да се вклучат НЕЗ во активностите за рехабилитација изработени за лица кои не се НЕЗ.

Програмите за рехабилитација во *Албанија* имаат неколку меѓусебно поврзани цели и методи за нивно постигнување. Тие вклучуваат фокус на агресивно однесување и контрола на агресијата; развој на когнитивните вештини поврзани со горенаведеното; и модул за подобрување на мотивацијата за да се поттикне ангажирањето во интервенциите. Беше забележано дека затворскиот персонал вклучен во овој процес има различен обем на обуки и дека персоналот често ги менува улогите, а не постои основна програма за обука. Во септември 2022 година, пилотирањето на алатките/програмите конкретно изработени за НЕЗ, развиени во рамките на Акцијата, започна во два албански затвори и беа финализирани на крајот на ноември 2022 година.

[11] *Програмата за рехабилитација започна кон крајот на септември 2021 година и беше поддржана во текот на целиот период со посети за мониторинг/поддршка од локалниот консултант, како и состаноци за обука/поддршка со меѓународниот консултант.*

## Босна и Херцеговина

На почетокот на Регионалната акција, во *БиХ* беше спроведено индивидуално планирање и анализа на личноста за секој НЕЗ и беше поделена на 8 дела: образование (основно и средно училиште), работна терапија, семејна динамика, други активности (спорт, култура), индивидуална работа (тип на работа со затвореникот, неговото мислење за кривичното дело). Преку проектот кој конкретно се однесува на секој Корисник, веќе се развиени голем број документи: Стратешки политички документ и Акциски план за третман на НЕЗ (2020 – 2025) и Стратегија за управување со персоналот, како и правна анализа и материјал за обука за примена на Прирачникот во врска со системот за управување со случаи за НЕЗ. Во врска со СЕ, затворскиот систем на *БиХ* има развиено специфични упатства за управување со процесот на рехабилитација на НЕЗ.

Ова вклучува изработка на вкупно седум програми за третман, и тоа конкретно во областите: мотивација; ставови, вештини, решавање проблеми, емоции, зависности и програми пред отпустот. И покрај тоа што акцентот е на компонентата на програмата за когнитивен развој, *БиХ* вклучува и религиозни и спортски активности како додаток на разновидните културни активности. Целосниот прирачник и систем за управување со случаи е посветен на рехабилитацијата на насилните екстремистички затвореници во *БиХ*. Практиката во *БиХ* е доста напредна во однос на развојот на алатките и е активна во спроведувањето на обуката и пилотирањето во областа на радикализацијата од 2018 година. Пакетот алатки и програмата за рехабилитација беа ревидирани земајќи ја предвид меѓународна практика. Сепак, предизвиците со кои се соочуваат во *БиХ* се чини дека се логистички со тоа што НЕЗ беа префрлени во државниот затвор и немаа пристап до некоја значајна активност, што ги нарушува целите и намерата на програмата за рехабилитација. Ова се должи на промените со фокус на поголема поддршка од раководството и имплементирањето на системот за управување со предметите во законот. Интересно е тоа што *БиХ* објави дека Алатката за скрининг детектирала затвореник кој не бил во притвор за терористички прекршок, но кој сепак бил радикализиран, што е добар пример за тоа зошто Алатката за скрининг е важен дел од меѓусебната поврзаност во процесот на рехабилитација. Потребна е дополнителна едукација на персоналот за да може да се имплементира индивидуалниот пристап на рехабилитација.

## Црна Гора

Акцијата ја поддржа изработката на специфични алатки/програми за НЕЗ, но тие сè уште не беа пилотирани бидејќи нема затвореници од оваа категорија во казнено-поправниот систем на *Црна Гора* во моментов. Имаше многу малку обуки за персоналот за спроведување на интервенции за рехабилитација за оваа категорија затвореници. Во *Црна Гора* имаше неколку општи програми кои беа во употреба, како и пакет на индивидуални програми за употреба со затвореници кои издржуваат долги казни. Процесот на рехабилитација и третман ги следи индивидуалните потреби кои се идентификувани и насочени кон реинтеграцијата. Дел од ова повлекува процес на извлекување на перспективите на затворениците, а персоналот се обидува да ги оспори верувањата што влијаеле на нивните одлуки.

Во работата пред отпустот, исто така, постои силен практичен фокус кој вклучува внимание посветено на писменоста, образованието и стручната обука. Друг главен дел од работата се однесува на семејните односи, а особено на последиците од нарушените односи, предизвикани од вмешаноста на затвореникот во терористички престап. Беше препознаен фактот дека ова претставува потенцијални проблеми во случаите кога семејствата ја поддржуваат екстремистичката идеологија, вклучително и во случаите каде

што членовите на семејството станале странски терористички борци (СТБ). Покрај ова, достапен е и широк спектар на други програмски активности, особено за затворениците кои издржуваат подолги казни (кои во некои случаи може да бидат од 20 до 40 години). Обезбедени се сесии за контрола на гневот, работилници за оснажнување и онаму каде што е потребно за сексуални прекршоци. Затворениците, исто така, може да пристапат до спортски и културни активности, а за некои определени цели има и врски со агенциите на локалната заедница и верските служби. Посветено е внимание на влијанието што некои затвореници, особено оние кои издржуваат долги казни за убиства кои вклучуваат сериозно ниво на бруталност, може да го имаат врз другите затвореници, а забележана е и потребата да се развијат специјализирани програми за оваа група.

### Северна Македонија

Затворскиот систем во *Северна Македонија* спроведува конкретно изработени интервенции за рехабилитација за радикализирани затвореници базирани на нацрт методологијата за рехабилитација за радикализирани лица каде се применува индивидуализираниот третман, во траење од 12 месеци. Модулите се фокусираат на развивање позитивни односи помеѓу НЕЗ и религиозните претставници и психолозите, наративот, учењето и личниот развој, вредностите и верувањата. Секој модул вклучува верски претставници, претставници на заедницата и невладини организации (НВО) и се применува на НЕЗ од низок до среден ризик. *Северна Македонија* исто така веќе има развиено специфична ПРП која користи листа на индикатори. Неколку интервенции беа во различни фази на развој, при што некои беа финализирани додека други сè уште се развиваа. Тие вклучуваа работа за зајакнување на моралот или вредностите, образованието и стручната обука. Постои веќе финализирана програма од 44 сесии поделена на четири модули (модул 1: пет месеци; модули 2-3-4: по два месеци). Некои делови од оваа програма вклучуваат вежби за градење доверба и наративни промени кон развојот на нови просоцијални идентитети. Врските со семејствата се вклучени во некои делови од процесот. За следната фаза од процесот, основен фокус е ставен на развивањето на безбедни канали за комуникација помеѓу затворот и безбедносните служби. Сепак, остануваат прашањата за дефиницијата на индивидуалните цели како просоцијални или асоцијални во зависност од перспективите и верувањата. За реализација на програмата, мотивациското интервју е клучна вештина за унапредување на членовите на персоналот. Интервенцијата е променлива во зависност од проценетиот степен на ризик, за Низок ризик = 3-4 месеци. Среден ризик = 4-6 месеци. Висок ризик = 6-12 месеци. Во воведниот и најголемиот дел интензивно се работи на воспоставување и градење на врски кои се одлучувачки за понатамошниот тек на програмата, потоа три модули: Наративи со 6 сесии; Учење и решавање проблеми со 3 сесии; и Вредности и вреднувања со 4 сесии.

Крајната цел на програмата е да му помогне на поединецот повторно да се поврзе со своето поранешно јас, така што нивните екстремни ставови ќе станат помалку изразени. *Северна Македонија* продолжи да пријавува проблеми во спроведувањето на пилот фазата на нивната програма за рехабилитација поради големиот број на логистички фактори. Важно е да се напомене дека постои Алатка за скрининг за радикализација и таа јасно треба да се имплементира за да се откријат знаците на радикализација пред тие да станат вкоренети и проблематични. Без оглед на логистичките фактори, дури и ако може да се идентификува само еден соодветен затвореник за пилот програмата, тоа би било многу корисно за да се утврди дали програмата е применлива во *Северна Македонија*. Некои предизвици се поврзани со отсуството на поддршка од раководните структури во некои затворски институции и отсуството на мотивација на осудените лица за вклучување во програмата поради самата природа на програмата, која е модифицирана за интеракција еден на еден и може да трае до 1 година.

### Србија

Со поддршка на СЕ, *Србија* има изработено алатки за скрининг, проценка на ризик и потреби на НЕЗ и индивидуална методологија за рехабилитација. Персоналот беше обучен и успешно ја пилотираше методологијата за рехабилитација во затворот во Пожаревац. Програмата за рехабилитација беше добро прифатена, но беа издвоени неколку предизвици за нејзината целосна примена во пракса. Програмата е флексибилна во својата структура и содржина, што ја прави многу погодна за прилагодување кон индивидуалниот план за третман Можно е да се фокусира повеќе или помалку на одредени содржини и да се приспособи ритамот и динамиката кон индивидуалните потреби на вклучениот затвореник, што му дава значителна предност во споредба со построго структурираните програми кои се помалку чувствителни на индивидуалните потреби на затворениците. Програмата поттикнува: комуникација помеѓу спроведувачот и затвореникот, градење на работен сојуз, развој на отвореност и доверба, а на ниво на врска/интеграција, таа претставува основа за можна промена со затвореникот. Предизвиците се однесуваат на организацијата на работата во затворот и потребата од подготовка и планирање на сесиите и програмата. Неопходно е оној што ја води програмата да поседува знаење за мотивациски интервјуа и работа со отпор. Како и кај другите корисници, значаен предизвик е и како да се мотивира НЕЗ да се вклучи во програмата за рехабилитација.

## ПРЕПОРАКИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДВРАЌАЊЕ ОД НАСИЛСТВО

### А. Политичко и законодавно ниво

Важно е да се формализира соработката помеѓу затворите и релевантните локални партнери, вклучително и верските советници.

Од клучно значење е да се воспостават единствени процедури за тоа како да се работи со радикализираните затвореници - поточно, затворениците осудени за тероризам, како и упатства за ресоцијализација и помош по отпустот од затвор.

Потребна е силна повеќеагенциска и прекугранична соработка за да се зголеми одржливоста на процесот на реинтеграција, особено во случаите на повратници од СТБ.

За ефективна рехабилитација на НЕЗ за време на казната и по отпустот, силно се препорачува соработка и градење доверба помеѓу сите релевантни чинители.

Треба да се развијат препораки за понатамошно усогласување на пристапите и практиките низ регионот.

Со оглед на падот на ефектот на обуката поради намалената поддршка од раководството, треба да се размисли за освежување на обуката. Поддршката од раководството треба да биде конзистентна и видлива.

Пристапот кон рехабилитација на НЕЗ низ целиот регион е холистички и ја опфаќа потребата од стручни, верски, образовни и професионални аспекти.

Треба да се воспостави општ консензус дека „учењето преку работа“ е најдобриот начин за зголемување на довербата и запознавање со процесот на рехабилитација.

Треба да се земе предвид дека одржувањето на обучен, специјализиран кадар и намалувањето на замената на персоналот е предуслов за одржливост на резултатите. Обуката, ротацијата и промената на персоналот имаат клучно влијание врз процесот на рехабилитација и

одвраќање на НЕЗ. Ова влијае на безбедносните аспекти и на управувањето со затворите воопшто. Мотивацијата и довербата на персоналот за спроведување на интервенциите за рехабилитација со високоризични НЕЗ е од клучно значење.

Корисниците од Западен Балкан треба да обезбедат континуирана и одржлива примена на интервенциите за рехабилитација надвор од проектната рамка придружена со применливи механизми за евалуација за мерење на ефективноста на спроведените интервенции.

Рехабилитацијата и реинтеграцијата на НЕЗ треба да се сфати како задача на разновидната група на професии. На партнерските организации треба да им се овозможи пристап до затворот за да го започнат процесот на рехабилитација што е можно поскоро. Ова помага во градењето на доверба и ја поддржува одржливоста на излезниот континуум. Од клучно значење е транзицискиот период да биде поддржан со силни механизми и единствени процедури за повеќеагенциска соработка.

Регионалната прекугранична соработка, лично и онлајн преку платформата за соработка, треба да се поддржат со цел да се разменат добри практики, искуства, предизвици и решенија помеѓу затворските практичари од Западен Балкан при справувањето со НЕЗ и новите феномени во затворите.

Универзалните човекови права мора да се почитуваат во секое време и под сите околности. Многу е веројатно дека неуспехот да се стори тоа ќе ја поткопа рехабилитацијата, и со тоа што ќе ја намали веројатноста НЕЗ да соработуваат со затворските власти и со тоа што ќе придонесе кон зацврстување на постоечките екстремистички ставови против државата.

Треба да постои добар работен однос помеѓу затворската разузнавачка единица и нивните полициски колеги, како и со колегите од другите разузнавачки и безбедносни агенции.

Треба да се спроведат различни мерки и протоколи за да се олесни размената на информации и разузнавачки информации, вклучително и формалните договори, редовните состаноци меѓу партнерите, системите за следење на поединците за кои станува збор во „реално време" и јасните процеси кои на членовите на персоналот ќе им овозможат ги споделат грижите.

Аранжманите со повеќе агенции треба да се фокусираат и на напорите за безбедност и рехабилитација и да ги олеснат можностите со што можат да помогнат да се смени интересот и вклученоста на поединецот во екстремизмот.

Агенциите и организациите треба да го разбираат и користат истиот јазик, концепти и алатки за да управуваат со екстремистичките престапници и да го спречат насилниот екстремизам. Процесите за обновување на правдата, помирувањето и другите интервенции со посредство кои започнуваат додека насилните екстремистички затвореници сè уште се во затвор може да им помогнат да го најдат своето место во заедницата.

За реинтеграција на НЕЗ треба да се даде приоритет на ангажманот со локалните заедници и водачите на заедницата. При изборот на граѓански организации (ГО)/НВО или индивидуални практичари, важно е да се земе предвид нивното искуство, нивната мрежа и углед во заедницата, како и нивната структура на финансирање.

Потребно е да се интегрира родовата перспектива и треба да се развијат, подобрат и зајакнат политиките и практиката во врска со интервенциите за престапничките. Од витално значење е насочувањето на поголем фокус кон приспособувањето на интервенциите на специфичните потреби на престапничките. Жените сочинуваат толку мало малцинство од повеќето затворски популации, и како резултат на затворските политики и персоналот честопати

немаат свест за родот и не ги земаат предвид уникатните потреби на затвореничките. Ова особено важи во контекст на враќањето на жените од воените зони.

Заедниците и ГО, исто така, мора однапред да бидат подготвени за отпустот на жените од затвор во општеството, за да можат да понудат соодветна поддршка. Ова е клучен елемент за успешната долгорочна реинтеграција на жените, кои се соочуваат со различни предизвици во споредба со машките престапници.

**Б. Ниво на имплементација**

При изработката на интервенциите за рехабилитација, треба да се има предвид дека „истиот пристап не одговара на сите". Применливоста на интервенциите во домашниот контекст и тековната проценка на постигнатиот напредок се клучни за успешна рехабилитација и реинтеграција на НЕЗ и радикализираните затвореници. Според тоа, не се очекува дека моделот од еден Корисник може да се имплементира идентично кај другите Корисници. Сепак, постојат значителни сличности меѓу шесте Корисници на хоризонталниот инструмент во Западен Балкан, што овозможува кооперативен пристап кој вклучува споделување на најдобрите практики и научени лекции кои најверојатно ќе бидат корисни за сите шест корисници.

Целните интервенции треба да се спроведуваат врз основа на индивидуално проценетите ризици и потреби и треба да имаат јасни, оправдани цели и исходи. Посебно внимание треба да се посвети на управувањето со групната динамика, бидејќи идеолозите во групата може да ги обесхрабрат лицата со низок или среден ризик да учествуваат во програмите за рехабилитација.

Во отсуство на значителна обука за вештини, исто така постои реален ризик дека групната работа може да послужи како можност за дополнително радикализирање на затворениците – создавање на средина „тие и ние".

Интервенциите треба да се засноваат на еволутивно знаење и разбирање на тековните најдобри практики и принципи за ефективни интервенции.

Целните интервенции треба да се спроведуваат врз основа на индивидуално проценетите ризици и потреби и да имаат јасни, оправдани цели и исходи.

Скринингот/ПРП и рехабилитацијата се меѓусебно поврзани, што значи дека рехабилитацијата не може да се гледа изолирано. Таа треба да биде дел од најважниот третман и „управувањето со случаите".

НЕЗ треба да се охрабруваат да се вклучат во сеопфатните програми за рехабилитација кои се однесуваат на начинот на размислување на прекршителите и нивното однесување поврзано со кривичното дело. Програмата треба да има за цел да го намали повторувањето на делото преку ангажирање и мотивирање, тренирање и одговарање на индивидуалните потреби и градење на континуитет. Таа ги поддржува прекршителите да развиваат вештини за дефинирање на цели и правење планови како да ги постигнат овие цели без извршување на кривично дело.

Ефективниот динамичен безбедносен пристап може да ја зголеми подготвеноста на НЕЗ да учествуваат во рехабилитација, како и да ги направи програмите за рехабилитација поефективни поради повисоките нивоа на доверба и споделување на информации помеѓу затворскиот персонал и НЕЗ. Потребна е комбинација од надзор, динамична безбедност

и проценка на ризик и потреби кога се работи со НЕЗ. Персоналот во затворот треба да биде свесен за ограничувањата на секој од нив и да развие индивидуализиран пристап со затвореникот кој се заснова на транспарентност и доверба.

Обуката на затворскиот персонал е клучна за да се размислува за улогата на практичарите во процесот на рехабилитација, но и за стекнување свест за религиозните, геополитичките и културните фактори со цел да се насочи личната мотивација за посветеност и промена.

Промовирањето на позитивните односи персонал-затвореник и здравата затворска клима се предуслов за намалување на ризикот околу радикализацијата и придонесот за рехабилитација и реинтеграција.

Персоналот треба да добие обука за културна и верска чувствителност за да биде свесен за процесите на радикализација со цел да се спречи недовербата и сомнежот кон верските претставници.

Како дел од процесот на рехабилитација, важно е да постои доверба помеѓу верските претставници и другите членови на персоналот. Треба да се консултираат почитуваните верски водачи од локалната заедница и да им се дозволи да вршат служби во затворот.

Со цел да се поддржат напорите за рехабилитација, верските водачи треба да промовираат позитивен дијалог со НЕЗ, со цел да ги повикаат на вистината, да воспостават докази, да го побиваат сомнежот, да ги отфрлат неоснованите мислења, да разликуваат вистина од лага, да ги покажат најсилните аргументи во контроверзните прашања, или да го стеснат јазот на несогласување.

Членовите на семејството и врсниците се дел од процесот на рехабилитација и зајакнувањето на соработката и поддршката што ја даваат е од витално значење. Во овој контекст треба да се охрабрува семејната посета, по проценка на ризикот.

Треба да се поттикне истражување за ефективноста на програмирањето за рехабилитација. Има многу слабости во тоа како се оценува ефективноста на програмите за рехабилитација, а тие би можеле да се зајакнат преку истражување засновано на докази во врска со алатките за проценка на ризикот, рецидивизмот и елементите на самото програмирање за рехабилитација. Треба да се охрабри соработката помеѓу истражувачите и практичарите, за да се испитаат предизвиците и трендовите на радикализација од различните перспективи со мноштво информации.

Со цел да се легитимизираат резултатите, програмите за рехабилитација треба да се тестираат емпириски во однос на нивната применливост и ефикасност.

# ТЕМА 3 Градење на капацитети и обука на затворските и пробациските практичари



**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА НАОДИТЕ, СЛУЧУВАЊАТА И ПРАКТИКАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Професионален, компетентен и добро обучен затворски и пробациски кадар е предуслов за успешно спречување и управување со радикализацијата и насилниот екстремизам. Тоа беше дискутирано за време на сите три регионални состаноци посветени на градење на капацитети и обука на затворскиот и пробацискиот персонал во Западен Балкан имплементирани под покровителство на Акцијата. Препознавањето, соочувањето и поразувањето на идеологиите на омраза во затворите, притворите и условната осуда или отпуст би биле неефикасни доколку не постои блиска и трајна соработка помеѓу сите засегнати страни во процесот на управување со НЕЗ низ системот и низ „портата" назад во општеството. Засега, капацитетот за обука кај Корисниците не е систематски, ниту одржлив, туку главно ад-хок и управуван од донатори. Кога станува збор за градење капацитети и структури за обука во врска со НЕРВТ, затворските служби на Корисниците генерално веќе имаат воспоставени структури и капацитети на располагање, наспроти соодветните пробациски служби кои се претежно недоволно развиени. Меѓутоа, кога станува збор за напредни структури за обука, постои заеднички недостаток на систематски капацитети за напредна обука во целиот регион, како во затворите, така и кај пробациските служби. Сите Корисници започнаа да спроведуваат различни програми и активности со цел да се намалат негативните ефекти од насилниот екстремизам. Се одржаа иницијативи за подигнување на свеста, основни програми, формирање на различни специјализирани експертски групи. Беа преземени и чекори за иницирање односи со невладините организации и верските заедници.

**КАПАЦИТЕТИ ЗА ЗАТВОРСКА И ПРОБАЦИСКА ОБУКА НА КОРИСНИЦИТЕ**

И покрај тоа што затворските системи на три од Корисниците имаат определено центри за обука - ***Косово*** (Косовска академија за јавна безбедност), ***Северна Македонија*** (Центарот за обука) и ***Србија*** (Пенолошката академија)-другите три корисници немаат такви специјализирани центри за обука. Во ***Албанија***, општите тековни активности за обука вклучуваат одредени елементи кои се применливи и за НЕЗ, како што се одбранбените фактори, вербалната и невербалната комуникација и теми поврзани со групно влијание, различност, затворска средина, фрустрација. Специфичните основни обуки или напредни обуки за радикализација беа спроведувани на ад хок основа од различни донатори. Под покровителство на Акцијата, ограничен број затворски и пробациски практичари во ***Албанија*** добија обука за примена на алатките кои конкретно се однесуваат на НЕЗ, како и индивидуалната програма за рехабилитација за радикализирани и насилни екстремистички затвореници. Покрај тоа, дел од затворскиот и пробацискиот персонал го заврши онлајн курсот ХЕЛП за Спречување на радикализација. Кога зборуваме за организацијата на пробацијата во Албанија, нема основни ниту напредни обуки за радикализација и насилен екстремизам. Планот е да се воведе модул на овие теми во рамките на општата основна обука за пробациски службеници. Во ***БиХ***, сите видови активности за обука се одвиваат во рамките на капацитетот на поединечните затвори според централниот Годишен план за обука. Законот за извршување на кривични и прекршочни санкции во ***БиХ*** пропишува обврска за одржување на редовни обуки за целиот затворски персонал. Законот за извршување на кривични и прекршочни санкции на ***Република Српска*** ја пропишува обврската на министерот за правда, заради унапредување на домашната практика и нејзино усогласување со меѓународните стандарди од областа на извршувањето на санкциите, да усвои Рамковен план и програма за професионален развој и обука на вработените.

[12] *Обуката беше организирана од 14 до 17 јуни 2022 година во Тирана, Албанија.*
[13] *Он-лајн курсот ХЕЛП [HELP (Human Education Rights for Legal Professionals)] он-лајн курс за „Превенција на радикализација" започна во март 2021 година кај сите 6 корисници и беше имплементиран за ограничен број затворски персонал и пробациски персонал.*

Рамката на програмата се заснова на меѓународни стандарди, конвенции, норми и други акти донесени во оваа област (прирачници, упатства, збирки на трудови итн.). Се препознава потребата од систематски активности за обука и постои силна посветеност на развојот и воведувањето на континуирани и напредни иницијативи за обука за специјализиран кадар. Затворската служба пилотираше основна обука за радикализација и насилен екстремизам за 95 практичари. Учесниците беа презадоволни од иницијативата; сепак, оваа обука сè уште не се спроведува во затворите. Основните наставни програми за обука опфаќаа разбирање на терминот радикализација, домашно законодавство поврзано со оваа област, препознавање на знаците на радикализација, комуникација со НЕЗ, соработка меѓу службите и повеќеагенциска соработка.

Специјализираните обуки сè уште не се воведени во затворите. Овие активности се предвидени во рамките на проектот на СЕ во наредниот период. Беа организирани заеднички активности за обука заедно со Центарот за социјална заштита и Агенциите за имплементација на законите во рамките на проектот/ите на СЕ. Тековните годишни планови за обука може да се разликуваат од затвор до затвор. Нема централизирана пробациска служба во ***БиХ***.

Во ***Косово***, неколку поправни кадри, социјални работници и разузнавачки персонал се обучени од ИЦИТАП и ОБСЕ. Освен тоа, пробациската служба нема постојана основна ниту напредна обука која опфаќа аспекти на радикализација. Имаше само ад-хок активности за обука, спроведени од надворешни даватели на услуги (СЕ, ЕУ, ИЦИТАП, Американската амбасада, Косовскиот центар за безбедносни студии). Обуките беа фокусирани на: управување со базата на податоци, враќање на СТБ, ресоцијализација на радикалните затвореници, борба против екстремизмот и улогата на службениците кои работат непосредно со престапниците. Персоналот на единицата за управување со екстремистички затвореници), Единицата за разузнавање, службениците од социјалните и поправните служби како и од службите за ментално здравје, кои непосредно работат со НЕЗ во Дубрава и Затворот со највисока безбедност, првично беа обучени од ИЦИТАП, продолжувајќи со обуките на други проекти, вклучително и проектите на СЕ. Во рамките на акцијата, беа одржани сесии за обучување на обучувачите (ОнО) организирани за затворските професионалци кои беа проследени со серија каскадни обуки за персоналот од сите притворски установи во ***Косово*** на тема примена на алатки/програми кои конкретно се однесуваат на НЕЗ и нивната примена во пракса. Не се спроведуваат систематски активности за напредна обука кај Корисникот. Што се однесува до пробациските услови, ниту овде нема систематски активности за обука. Дополнително, сите достапни активности за обука беа предводени од донатори. Што се однесува до капацитетите за обука на пробациските професионалци, Службата за пробација беше во можност да спроведе некои ад-хок обуки на тема НЕРВТ, но не постојат соодветни програми за обука за радикализација и насилен екстремизам. Во ***Црна Гора***, националното координативно тело управува со сите прашања поврзани со радикализацијата. Постои основна шема за обука која се состои од две главни компоненти: препознавање на раните знаци на радикализација, која е насочена кон затворскиот персонал, здравствениот персонал, едукаторите, агенциите за вработување, безбедносниот сектор и опфаќа дефиниции, историјат, профилирање на терористите и превентивни структури, како и обука за употреба на алатките за скрининг и ПРП. Темите кои се обработуваат преку обуките се дефинирање на поимот екстремизам, собирање податоци за можна радикализација, употреба на Алатката за скрининг и Алатката за ПРП и процедури во случај на детекција на радикализација.

*[14]ОнО се одржа од 01 до 4 март 2021 година, а четирите каскадни сесии со еквивалентите под наслов „Превенција на радикализацијата и рехабилитацијата на затворениците" се одржаа од април до јуни 2022 година на неколку локации во Косово.*

Не се спроведуваат систематски активности за напредна обука кај Корисникот. Беа спроведени заеднички активности со СЕ, ОБСЕ и Националниот оперативен тим (НОТ) за спречување на насилен екстремизам кој води кон тероризам. Беа спроведени заеднички ад-хок обуки со одредени НВО, државни агенции и членови на НОТ. Во ***Северна Македонија***, околу 300 вработени веќе учествуваа во основната активност за подигање на свеста. Основната обука за насилен екстремизам се спроведува и во Програмата за почетна обука и во програмата за континуирана обука на Затворската полиција и Одделението за ресоцијализација. Наставната програма на Основната обука вклучува фундаментални прашања поврзани со концептот на радикализација, знаците на радикализација и алатката за скрининг, разбирање на функционирањето на мултифункционалните тимови во институциите и стандардните оперативни процедури за подготовка пред отпуст и поддршката по издржувањето на казната, односно пост-пеналната помош.

Постои и специјализирана обука, а досега на неа учествуваа околу 30 експерти. Програмата се фокусира на прекумерна употреба на инструментот за проценка на ризик, користење на алатката за скрининг, изработка и имплементација на Индивидуална програма за третман на радикализирани осудени лица и стандардни оперативни процедури (СОП) во подготовка на отпустот и прифаќањето на радикализираните затвореници по нивното издржување на казната. Беа организирани заеднички активности за обука со учество на Канцеларијата на националниот координатор за борба против насилен екстремизам, Центрите за социјална работа, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за вработување, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност и Министерството за труд и социјална политика. Постои намера да се воведе и имплементира повеќеслојна структура за обука на затворскиот персонал: Основно ниво, наменето за затворска полиција, инструктори, здравствен персонал како и технички персонал, Напредно ниво, наменето за секторот за ресоцијализација и Обука за раководен персонал (основно ниво). Кога станува збор за пробациските услови, беа отворени 2 нови пробациски канцеларии, потребна е непречена транзиција за периодот по отпустот на осудениците, а нема воспоставено протоколи во однос на чекорите кои треба да се преземат во таа насока како и неопходните информации кои чинителите треба да ги споделуваат.

Во ***Србија*** 170 затворски практичари главно (од кои околу 20% пробациски службеници) учествуваа во активностите за градење капацитети спроведени под покровителство на регионалната Акција, како и преку нејзината компонента кој а конкретно се однесува на Корисникот ***Србија***. Тие вклучуваа: онлајн ХЕЛП курс Спречување на радикализацијата, ОнО за проценка и управување со НЕЗ и примена на алатки/програма која конкретно се однесува на НЕЗ, обука за управители на затворите во ***Србија*** за радикализација и насилен екстремизам, десничарски екстремизам и алатки/програма кои конкретно се однесуваат на НЕЗ, каскадни сесии за подигање на свеста меѓу еквивалентите за Спречување на радикализација и рехабилитација на насилните екстремистички затвореници во ***Србија***. Затворскиот персонал од две избрани установи за притвор во кои се спроведуваше пилотирањето на алатките/програмата која конкретно се однесуваше на НЕЗ учествуваше на 3 онлајн коучинг сесии за тоа како да се користат алатки кои конкретно се однесуваат на НЕЗ и како да се примени индивидуалната методологија за рехабилитација.

*[15]Пилотирањето на алатки/програма која конкретно се однесува на НЕЗ беше спроведено од септември до декември 2021 година во затворот во Пожаревац и Жупанискиот затвор во Белград.*

Членовите на персоналот, кои работат во Специјалното одделение во затворот Пожаревац (каде што е распоредена оваа подгрупа затвореници) треба да поминат обука пред нивното назначување (должината на обуката варира помеѓу 6-12 часа), обуката е главно ориентирана кон безбедноста, вклучува: вовед во тероризам и екстремизам, процедури, законска рамка, посебни безбедносни мерки и управување со кризи (итни ситуации). Не се спроведуваат систематски активности за напредна обука кај Корисникот. Кога станува збор за пробациските услови, нема основни или напредни обуки во оваа област. Ограничен број на пробациски персонал беше вклучен во ХЕЛП онлајн курсот на СЕ за Спречување на радикализација и посетуваа тематски регионални состаноци имплементирани во рамките на регионалната димензија на Акцијата.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ И ОБУКА НА ЗАТВОРСКИОТ И ПРОБАЦИСКИОТ ПЕРСОНАЛ

### А. Политичко и законодавно ниво

Обезбедете дополнителни ресурси (човечки, финансиски, организациски) за справување со НЕЗ.

Постои потреба од формирање централизирана единица/капацитет за обука и поддршка на затворскиот и пробацискиот персонал. Постоењето на независна академија за обука „дава тежина" на наставните програми за обука / активностите за градење капацитети и на целата организација воопшто.

Постои потреба од воведување на одржлив и континуиран систем за обука во организацијата (основен и напреден) со користење на повеќеслоен структуриран пристап, преку внимателна претходна проценка/скенирање на знаењето и потребите за обука на различни професионалци.

Професионалното структурирано расудување бара добро оспособен затворски персонал кој може да ги обработува и анализира резултатите и податоците до кои тие доаѓаат во однос на скринингот и инструментот за проценка на ризик и потреби. Континуирано подигнување на свеста и разбирањето на вработените во затворите кои работат непосредно со престапниците кога станува збор за радикализација.

Поттикнете го чувството на сопственост, членовите на персоналот и особено раководството, односно управителите треба да ја разберат нивната улога во одвраќањето од насилство и процесот на реинтеграција.

Обуката треба да стане независна од донаторите и треба да биде програмски планирана според достапните внатрешни ресурси.

Годишните планови за обука не треба да се разликуваат од затвор до затвор, наместо тоа, унифицираната структура меѓу различните казнено-поправни капацитети треба да гарантира иста професионална содржина.

Постои потреба од континуирано подобрување на меѓусекторската (внатрешна) и повеќеагенциската (надворешна) размена на информации и воспоставувањето на формална процедура која би го олеснила овој процес, со цел подобро информирање на процедурите за проценка на ризикот и потребите во затворот. Механизмите за повеќеагенциска соработка треба да станат одржливи и целосно управувани од страна на корисниците.

Постои потреба од засилено стратешко планирање за управување со човечки ресурси, кога станува збор за избор на кадар кој ќе работи со НЕЗ, веќе во фазата на регрутирање, а има потреба и од механизми за систематски решенија за да се обезбеди поддршка за персоналот (надзор, психолошка поддршка , менторство итн.) и да се гарантира неговата благосостојба.

Направете навремени чекори за да го надминете недостигот на персонал доколку се појави во кој било релевантен затворски сектор.

Инвестирајте во локална експертиза и знаење со цел да се обезбедат стабилни професионални услови за обука и образование, а со тоа услугите не треба да се потпираат само на меѓународни експерти.

Треба да се воспостават конкретни мерки и програми со цел дополнително да се подобрат вештините, интегритетот и мотивацијата на затворскиот персонал кој работи со НЕЗ.

Континуираното зајакнување на капацитетите на затворските службеници, персоналот за рехабилитација и третман, со должно почитување на динамичниот безбедносен пристап, е клучен за успехот на процесот на одвраќање на НЕЗ од насилство.

Новите тенденции што се појавуваат треба да се земат предвид при надградба на основните и напредните програми за обука на практичарите, имајќи ги предвид најновите случувања во Европа и пошироко, и динамичните (променливи) форми на феноменот на радикализација и насилен екстремизам.

Мора да има соодветна рамнотежа помеѓу моделот заснован на човекови права кој ги почитува меѓународните норми за управување со екстремистите и одлучното, безрезервно дејствување за справување и на идеологиите на омраза и на оние кои сакаат да ги шират во затвор и притвор за да го загрозат редот и безбедноста во институциите со поткопување на нивниот легитимитет. Ефективните просоцијални односи меѓу униформираниот персонал и НЕЗ создаваат доблестен круг за собирање на разузнавачки информации, градење доверба и просоцијално моделирање. Треба да се охрабрува, но управителите мора да внимаваат и на значителниот степен на психолошка поддршка и надзор што таквиот пристап ќе го бара за да се спречи прегорување на персоналот, кондиционирање, па дури и корупција.

Курсевите треба да бидат многу интерактивни и практични, тие можат да комбинираат е-учење (онлајн) и пристапи лице в лице, да користат студии на случај од вистински професионалци кои работат непосредно со престапниците, (групни) задачи, аудио-видео материјали (вклучувајќи го пристапот до социјалните медиуми и ефективни онлајн кампањи) и развиени алатки.

Основната обука за НЕРВТ треба да биде дел од наставните програми за воведна обука и годишните активности за обука.

Се препорачуваат механизми за обука на лице место и шеми за менторство.

Корисниците треба да размислат за блиска соработка помеѓу засегнатите страни на национално, регионално, институционално и локално ниво.

Треба да се размисли за формирање на централизирани „единици за екстремизам", кои можат да

обезбедат експертиза и придонес таму каде што е потребно (како што укажува неодамнешниот извештај на ИЦСР 2020 за создавање такви единици на европско ниво:„...Не е ниту разумно, ниту практично да се очекува дека сите затворски службеници ќе имаат ажурирано и софистицирано знаење за екстремистичките движења“).

Размислете за воспоставување на меѓусебна непосредна соработка низ целиот регион и засилена соработка со другите европски земји (особено во областа на селекцијата, обуката и распоредувањето на специјалисти кои ќе работат на случаите кои се однесуваат на НЕЗ).

Одржувајте ги професионалните мрежи како исклучителна дополнителна вредност.

Поставете форум или платформа „најдобри практики на НЕЗ“ (за поттикнување и олеснување на споделувањето идеи и стратегии во регионот и пошироко).

Воведете посебен подготвителен курс за управување (барем на основно ниво) за понатамошно разбирање на радикализацијата и насилниот екстремизам.

Подобрете ја посветеноста на раководството за третманот на популацијата на НЕЗ.

Обезбедете дополнителни ресурси (човечки, финансиски, организациски) за справување со темата НЕРВТ (разгледајте ја можност за посебно наградување со парични средства за оние кои работат непосредно со престапниците).

Вклучете ги управителите и раководителите во активностите на локалните МДТ.

Подигнете ја свеста кај пошироката јавност со редовно објавување на напорите и достигнувањата во однос на популацијата на НЕЗ.

Обезбедете основна обука за религиозните практики на персоналот, бидејќи религијата може да игра клучна улога во одвраќањето/дерадикализацијата.

Разберете и имплементирајте јасни дефиниции во терминологијата за НЕЗ, за да се избегнат или минимизираат ефектите од стигматизацијата, предрасудите, како и да се направи разлика помеѓу радикализацијата, „нормалните“ религиозни практики итн.

Разберете и практикувајте ги елементите на динамична безбедност од страна на целиот персонал со цел да се воспостави позитивна средина, така што поимот динамична безбедност треба да биде интегриран дел од обуката.

**Б. Ниво на имплементација**

Изработете и каскадно спроведете структура за обука на повеќе нивоа со основна и напредна содржина за сите членови на персоналот.

Вклучете активности за обука во годишниот план за обука и применувајте единствен формат за локална имплементација.

Воведете проактивна комуникациска структура со координација на хиерархијата на централниот казнено-поправен систем.

Треба да се поттикне меѓусекторската соработка и меѓуагенциската соработка. Управата на затворот има континуирана соработка со агенциите за обезбедување, но без посебни стандардизирани протоколи.

Подобрете ја сопственоста преку локални иницијативи.

Независните затворски установи треба да воспостават позитивни работни односи со локалните НВО и верските заедници со цел да се одржи локалната поддршка по отпустот.

Изработете и редовно ажурирајте прирачник за обука за радикализација кој конкретно се однесува на затворите.

Проширете ја поддршката за поранешните радикалисти во локалните заедници.

Соберете студии на случаи кои конкретно се однесуваат на Корисникот и вклучете ги во редовните активности за обука.

Потребни се дополнителни обуки за затворскиот персонал за прашања кои вклучуваат проценка на ризик, интервенции за рехабилитација и подготовка за отпуст и реинтеграција, а особено за индикаторите за радикализација.

Спроведете процес на безбедносна проверка на целиот персонал што работи со НЕЗ. Треба да се разгледа можноста за идна редовна (годишна или двогодишна) безбедносна проверка во текот на нивното однесување, бидејќи и самите колеги се отворено изложени на радикализација.
Локалните годишни планови за обука треба да се засноваат на реални потреби, а потребните ресурси треба да се распределат. Понатаму, во согласност со насоките на Советот на Европа во врска со регрутирањето, изборот, образованието, обуката и професионалното усовршување на затворскиот и пробацискиот кадар,„Едукацијата и обуката на работно место треба да се обезбеди за целиот персонал и треба да вклучува курсеви за освежување на различни приоритетни теми и/ или дополнителна обука за новопојавени теми".

Воведете начини со кои ќе ги мотивирате затворениците да учествуваат во постоечката програма за рехабилитација.

Идентификувајте ги радикалните лидери и изолирајте ги од групата следбеници во поединечните затворски установи со цел да се олесни создавањето на позитивна средина.
Организирајте воведна обука за новоименуваните директори на затворите со цел да ги разберат нивните улоги и должности.

Воспоставете функционален МДТ во секој затвор каде што се доделуваат НЕЗ со цел да се запрат негативните трендови околу радикализацијата.

Формирајте независен панел од професионалци, кој би можел да обезбеди континуитет во активностите без оглед на промената на раководството на затворот.

# ТЕМА 4

## Подготовка за отпуст, пост-пенална помош и реинтеграција во општеството



**Аналитички преглед на наодите, случувањата и практиката во Западен Балкан**

Целта на регионалната тематска група поврзана со подготовката за отпуст, пост-пеналната поддршка и реинтеграцијата на НЕЗ во регионот на Западен Балкан беше да се утврди што се случува во регионот, кои се предизвиците и примерите на добри практики и на пошироко ниво, да се утврди што прават Корисниците во периодот пред отпустот, што е достапно во заедницата по отпустот, како се пристапува до овие услуги и кои се принципите/механизмите за упатување и размена на информации. Важно е да се напомене дека фокусот на овие состаноци и дискусии не беше ограничен на вратените СТБ, туку и на „домашните" радикализирани лица и изработката на соодветни одредби за нив во однос на нивните потреби за рехабилитација и реинтеграција. Некои Корисници, ги отпуштаат затворениците во заедници каде што постои голема веројатност дека дополнително ќе бидат под влијание или ќе продолжат да шират екстремни идеологии. Во 2020 година, заедничките предизвици низ регионот во однос на отпустот и пост-пеналниот период беа:

- Недостаток на доволно развиени стратегии за излез и специфични програми пред самиот отпуст
- Недоволна меѓуинституционална соработка при подготовката за отпуст
- Недостаток на добро изработени протоколи и оперативни процедури кои ќе ја подигнат свеста кај сите релевантни чинители и ќе придонесат кон похолистички пристап кога станува збор за реинтеграцијата на НЕЗ
- Недостаток на човечки ресурси, како по бројност, така и по специјализирани обуки, во затворите, како и надвор од нив во службите за социјална заштита во заедницата.

Едно од главните прашања кои се појавија на состаноците беше дека до денес има ограничен број на НЕЗ отпуштени од затвор низ целиот регион. Затоа, недостасуваа податоци и основно знаење во врска со потребите на таквите лица. Сепак, во текот на проектот имаше значителни подобрувања кај многу Корисници во воспоставувањето политики и протоколи за отпуст на НЕЗ во заедницата, покрај неколкуте меморандуми за постигнување на спогодба со надворешни даватели на услуги. По две години, корисно е да се споредат каде се наоѓаат Корисниците сега во однос на овие предизвици и какви законски и политички промени треба да се случат за одржливост на целите во иднина. Податоците од прашалниците испратени до корисниците се наведени во табелата дадена во продолжение. Пет Корисници одговорија директно на прашалниците, а еден одговори со квалитативни коментари, но без квантитативни податоци. Дополнително, повратните информации од корисниците се претставени во продолжение. Интересен е наодот дека во однос на подготовката за отпуст, корисниците се на различни краеви на рамномерно распределената скала, а слична е и ситуацијата кога станува збор за управувањето со реинтеграцијата (пост-пенална помош). Веројатно Корисниците нема да можат да преземат целосна сопственост на овие аспекти сè додека нивните процеси и процедури дополнително не напреднат.

***<u>Просечна оценка меѓу Корисниците – подготовка за отпуст и реинтеграција</u>***

| Подготовка за отпуст | Одлично | Добро | Неутрално | Лошо |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка за отпуст | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Управување со реинтеграцијата | 2 | | 2 | 1 |
| Пренос на знаење | 1 | 4 | | |
| Корисност на обуката | 1 | 4 | | |
| Сопственост | | 2 | 3 | |

*Добиени коментари од Корисниците во нивните одговори на Прашалниците*

**ДОБРИ ПРАКТИКИ**

*Подготвивме СОП за пост-пенална поддршка кој беше пилотиран во текот на август 2022 година. Планираме да пилотираме уште едно осудено лице во друга институција за подоцна да започне имплементацијата во институциите каде што има ваква категорија на осудени лица.*

*Оваа затворска популација се третира во рамките на пропишаните законски процедури. НЕЗ може да се вклучат во програмата пред отпуст која се спроведува во институциите.*

*Применет е добар стандард за подготовка на радикализираните затвореници бидејќи се организираат мултидисциплинарни тимски состаноци на месечна основа каде што се дискутира за затворениците, [и] се подготвува план пред отпустот за оние кои треба да бидат пуштени. Планот е евидентиран во базата на податоци […], исто така, сите безбедносни агенции се подготвени за неговиот отпуст, додека пробациската служба [се известува] во случаи на условен отпуст.*

*Поделбата за превенција и реинтеграција е во фаза на креирање на СОП за овој процес, а размената на информации е одлична и управата од централно ниво е добра, но предизвик ќе биде кога општината ќе ја преземе улогата за оваа категорија. Поддршката што ни ја даде Советот на Европа со обуки и состаноци го подобро разбирањето на потребите пред отпустот и реинтеграцијата на насилните екстремистички затвореници.*

**ПРЕДИЗВИЦИ**

*Нема значајни активности освен рутинските, по пуштањето. Не постојат стандардни оперативни процедури за пост-пеналната фаза.*

*Нема интеракција со други институции за размена на информации во фазата „Праг на отпуст" на овие затвореници.*

*Казнено-поправниот систем во земјава нема одговорност да го води случајот по отпустот. Ова кај нас не е применливо.*

*Информациите се пренесуваат на ниво на казнено-поправната служба и на ниво на пробациската служба. Нема интеракција со други институции.*

*Наставната програма со која работи СЕ е многу селективна и потребна, но степенот на примена кај нас не е во согласност со практиката и со многу законски одредби.*

*Во делот на размена на информации, има мало подобрување по одржувањето на 6-те форуми што беа реализирани во изминатиот период, со кои се продлабочи соработката меѓу засегнатите институции, а врз основа на тие форуми [се одвиваат]сè почести координативни средби меѓу затворите.*

*Упатствата пред отпустот (во случаите кога не постојат СОП) се наменети за сите категории затвореници, не само за [НЕЗ].*

*Од перспектива на надворешните институции, комуникацискиот систем помеѓу затворите и надворешните агенции е добро сфатен, но потребна е дополнителна обука за затворскиот персонал да може да го разбере целокупниот процес на реинтеграција, почнувајќи од моментот на приемот на осуденото лице во установата..*

*Има тим кој ќе биде задолжен за ова прашање [отпуст на НЕЗ], но нема пресуди за ова кривично дело, па не можеме да утврдиме дали постојните процедури се функционални.*

## ИДНА ОДРЖЛИВОСТ

Учесниците беа прашани какви мерки треба да преземат за да се обезбеди целосна сопственост и одржливост на воведените алатки. Темите што се појавија имаат тенденција да бидат поврзани со потребата од постојана обука и човечки ресурси, како дополнение на поблиската соработка помеѓу агенциите и прашањето за размена на информации:

*Потребно е дополнително градење на капацитетите на затворскиот систем и институциите во рамките на една заедница.*

*Во рамките на досегашните активности, на национално ниво постои подготвеност од јуни 2017 година, формиран е Националниот механизам за координација на БТ и С/БНЕ. Беа изработени и национални стратегии и акциски планови за борба против насилниот екстремизам и борбата против тероризмот.*

*Да се воспостави подобра и пофункционална соработка со институциите кои можат да обезбедат поддршка на НЕЗ.*

*Една од мерките кои се потребни се континуирани обуки на постојниот затворски персонал, како и зголемување на финансиските средства за одржливост на Центарот за обука.*

*Со цел правилно да ги примениме алатките/програмата и СОП треба да ги зголемиме човечките капацитети во нашите институции.*

*Потребно е да се вклучат и други дополнителни службеници во обуката за скрининг и проценка на ризик.*

*Да се вклучат што повеќе актери и професионалци од соодветните области.*

*Тоа е од особена важност бидејќи имаме заеднички случаи со сите земји од регионот и споделувањето на достигнувањата на претставените земји овозможува да се разберете можноста за давање услуги на оваа категорија и унапредување на соработката со земјите од регионот, а споделувањето на нивните предизвици ни помага во избегнувањето на грешките!*

*Од горенаведените податоци е јасно дека иако има подобрувања, многу од прашањата откриени за време на дискусиите на овие регионални тематски состаноци, пријавени во последователните документи за дискусија остануваат. Општо кажано, тие можат да се поделат на одредени категории, како што се правни и институционални рамки, институционална соработка, воспоставени процедури и активности пред отпустот и поцентрализирани пристапи за споделување информации.*

## Предизвици

### Законска и институционална рамка за подготовка пред отпуст

Законската и институционалната рамка за подготовка пред отпуст значително се разликува во регионот. Видот на подготовка пред отпуст, временската рамка и сите процеси се предмет на многу дискусии. *Косово* може да биде пример за добра практика за воспоставување ефективни начини за размена на информации и соработка меѓу различните агенции, вклучувајќи ги Косовската поправна служба (КЦС), координаторот за С/БНЕ, Министерството за внатрешни работи (МВР), Косовската полиција (КП) и Косовската разузнавачка агенција (КИА) кои соработуваат во размената на информации и се координираат преку редовни состаноци. Ова е важно бидејќи различните организации во заедницата треба да знаат кое ниво на ризик го следат. Кај останатите Корисници, беше истакната потребата од адаптација на законската рамка со цел да се продолжи со споделување информации помеѓу поврзаните субјекти. Повеќето од овие Корисници одговорија дека информациите се споделуваат во хартиена и/или електронска форма. Примерот од *Косово* предвидува редовно споделување на ажурираните информации преку базата на податоци како еден клучен канал. Штом судовите ги споделат информациите за датумот на отпуштање со КЦС, тие ги известуваат КП, КИА и МВР и ги поставуваат информациите во базата на податоци. Се изработува план за отпуст најмалку 3 месеци пред датумот на отпуштањето. Дополнително, самиот директор на КЦС се советува како ефективно да споделува информации со надворешни институции.

*Србија* исто така, покажува ефикасна практика со тоа што има конкретен оддел посветен на периодот пред отпустот: „Тим за поддршка и заштита", кој обезбедува услуги за советување и упатување до релевантните агенции. Сепак, во согласност со другите Корисници, тие изразија фрустрација на нивото на размена на информации меѓу агенциите.

### Подигнување на свеста и обука

Корисниците се согласија дека НЕЗ се стигматизирани во заедницата и нивниот пат до успешна реинтеграција е значително попроблематичен од оној на општата популација на престапници, што бара многу повисоко ниво на поддршка. Исто така, едногласно беше договорено дека работата со семејствата на НЕЗ е важен фактор во процесот на ресоцијализација, но и дека семејството може да биде и фактор кој поттикнува враќање на НЕЗ кон понатамошни терористички активности, затоа разбирањето на семејната динамика беше од клучно значење. Повторно, Србија даде неколку добри примери за начинот на кој тие работеле со семејствата на општата популација на сторители пред отпустот на затворениците и како тоа довело до зголемување на нивното разбирање на престапниците од страна на релевантните државни органи во пошироката заедница. Сите Корисници се согласија дека целиот персонал кој работи со НЕЗ, вклучително и оние кои обезбедуваат услуги во заедницата, има потреба од многу повеќе образование и обука во врска со патиштата кои водат до радикализацијата и општата обука за подигнување на свеста. За таа цел, *Србија* даде неколку добри примери за проширувањето на нивната практика надвор од поправните и полициските услови вклучувајќи брошури за подигање на образовната свест за училиштата и на ниво на други државни органи. Тие имаат развиено конкретна програма за обука на полицијата која дополнително треба да се прошири на пошироката заедница.

## Подготовка за отпуст

И покрај тоа што има подобрување во обезбедувањето на планирање пред отпустот во текот на проектот, во моментов состојбата е таква што многу корисници сè уште немаат формални планови пред самиот отпуст, ниту пак постои програма пред нивното отпуштање од затвор или процеси пред отпустот на лицата. Во текот на регионалните тематски дискусии, беше договорено подготовката за евентуалниот отпуст на затворениците да започне со приемот во затвор. Во однос на планирањето за рехабилитација, беше договорено нивниот ризик и потреби да бидат значително различни од приемот (точка А) до отпустот (точка Б). Некои корисници истакнаа дека активностите за подготовка пред отпуст не се разликуваат за групата НЕЗ во споредба со другите затвореници, но сите корисници се согласија дека некои конкретни активности ќе бидат корисни за понатамошна поддршка на НЕЗ при подготовката за отпуст.

До денес, само ***Северна Македонија*** има конкретни СОП за периодот пред отпустот. ***Албанија*** е во процес на развивање на нивните програми за периодот пред отпустот за општата затворска популација, но нема конкретни програми за НЕЗ пред нивниот отпуст. Слична ситуација постои кај сите други Корисници. Додека некои имаат пристапи за управување со случаи, итн., недостасува конкретен прирачник за периодот пред отпустот со јасни упатства, активности и протоколи за НЕЗ. Понатаму, иако алатките и интервенциите се делумно достапни, тие често не се достапни во форма на прирачник и честопати не се приспособени конкретно на потребите на НЕЗ.

## Пробација

Кај многу Корисници, според сегашното важечко законодавство, пробациската служба воопшто е вклучена само доколку затвореникот е условно пуштен на слобода. Со исклучок на тоа, тие имаат ограничен ангажман со затворениците. На пример, во ***Албанија*** според член 59 од кривичниот законик, поединецот презема одговорност да не стори кривично дело додека е на условна казна, но не е јасно како тоа се спроведува. Слично, во ***Косово***, пробациската служба е одговорна за условно пуштените затвореници, иако постои програма за реинтеграција во Одделението за превенција и реинтеграција на радикализирани лица, која ги вклучува услугите што ги даваат соодветните институции и одговорностите на секоја од нив. Активностите се вклучени во работните планови на Секторот бидејќи активностите се менуваат врз основа на ситуацијата. Иако не постојат специфични програми сами по себе, во ***Косово*** се развива индивидуален план за надзор за секој затвореник кој вклучува активности за реинтеграција и обединување на семејството.

***БиХ*** нема пробациска служба. Слична ситуација постои и во ***Црна Гора***. ***Србија*** дава пример за најдобри практики со тоа што пробацискиот службеник (т.е. службеникот одговорен за условната казна) се вклучува во транзицијата на затвореникот во заедницата приближно една година пред отпустот, а најдоцна три месеци пред отпустот, кога започнува фазата на подготовка. Пробациските услуги за отпуштените затвореници се општи, без посебни услуги за НЕЗ, но се известува дека индивидуалните потреби на НЕЗ се земаат предвид при изготвување на план за отпуст и реинтеграција. Тие може да вклучуваат, но не се ограничени на обединување со семејството, религиозни активности и потреби поврзани со работата. Како и кај другите Корисници, во ***Северна Македонија*** пробациските служби се ангажираат со затворениците кои се условно пуштени во заедницата. Во таа фаза се подготвува индивидуална програма врз основа на инструментот за ризик/потреби.

Накратко, иако имаше одредено движење во текот на овој проект, има недостиг од јасни протоколи, и помеѓу казнено-поправните и пробациските служби, како и центрите за социјална работа и пробациската служба. Условниот отпуст на НЕЗ е пример за таков недостаток на протоколи низ регионот и треба да се стави поголем акцент на прашањето под кои „услови" НЕЗ се смета за безбеден за предвремено или условен отпуст. Како што беше споменато претходно во делот за проценка на ризик/потреби од овој извештај, нема предвидливи квалитети, па затоа одлуките за условен отпуст не можат да се носат само на таа основа.

### Центри за социјална работа и социјална грижа

Некои корисници ја истакнаа виталната улога на нивните „Центри за социјална работа", особено значајната улога што тие ја играат во обезбедувањето пост-пеналната помош на отпуштените од затвор престапници. Беше договорено дека Центрите, кои се управувани од соодветните министерства за труд и социјален развој, се исто така важни со цел да се зајакне заедницата и отпорноста истовремено со спречувањето на радикализацијата во заедницата.

Во многу случаи, социјалната служба е вклучена само кога судот барал задолжителни мерки или кога биле вклучени малолетници. Кај многу корисници, законот за социјални услуги значи дека нема конкретна финансиска поддршка или други бенефиции (како што се социјални станови, социјални претпријатија итн.) за отпуштените осуденици, а камоли за НЕЗ, освен оние предвидени со закон за ранливите поединци на кои им е потребна социјална заштита.

Постојат докази дека казнено-поправните установи обезбедуваат информации за центрите за социјална заштита кога затвореникот ќе биде пуштен на слобода (*БиХ*), иако нема формални законски одредби за ова и во повеќето случаи нема Меморандуми за соработка.

Се чини дека честопати се случува затворениците да се обратат до центрите за социјална работа самоиницијативно наместо формално. Во *Косово*, Центрите за социјална работа се вклучени во раните фази за подготовка пред отпустот, а има и лице за контакт во затворскиот систем кое ги координира контактите, што е добра практика. Слично на тоа, и покрај тоа што имаат ограничен број на НЕЗ во *Црна Гора*, формиран е Тим за заштита и поддршка (ТЗП) со цел да се поддржат затворениците со екстремистичко однесување при отпуст од затвор. Во *Северна Македонија* Законот за социјална заштита значи дека овој процес се случува откако затвореникот ќе излезе од затвор и ако има потреба од социјална помош, но нема одредби за НЕЗ. Слично, во *Србија* Центрите за социјална работа не се систематски вклучени.

Интересно е тоа што, во текот на проектот беше предложено од членовите на РГ кои го застапуваат аспектот на социјалната грижа во *Србија*, дека треба да се формира посебна служба во рамките на Пробациската служба и МВР, која ќе ги обедини другите релевантни институции (т.е. локалната самоуправа, образованието, информациите, здравството, културата итн.), со цел да се создадат заеднички мерки и да се развијат програми за поддршка на отпуштените затвореници од затвор. Ова ќе придонесе за усогласен, континуиран и сеопфатен пристап кон дерадикализацијата на поранешните затвореници, откако ќе бидат отпуштени од затвор. Оваа последна точка навистина би била пример за добра практика и нешто кон што треба да се стремиме.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДДРШКА ПРЕД ОТПУСТОТ И ПОСТ-ПЕНАЛНА ПОМОШ

### А. Политичко и законодавно ниво

Недостигаат координирани и специфични насоки кои се однесуваат и на помошта пред отпустот од затвор, како и на пост-пеналната поддршка. На најосновно ниво, кога ќе се отвори затворската врата, затворениците треба да знаат каде одат, како ќе стигнат таму и кој ќе плати за тоа.

Затоа, императив е што поскоро да се изготви законодавството и политиките за тоа „кој што прави, кога и каде" помеѓу различните агенции, штом за тоа се отвори простор.

Вистинска загриженост е тоа што пробациската служба се ангажира со НЕЗ само ако тие се предмет на условен отпуст. Ова ги изоставува НЕЗ кои може да ја издржуваат целата казна пред да бидат пуштени во заедницата и затоа нема да имаат корист од структурираната поддршка која е потребна за транзиција во заедницата. Емпириската литература покажува дека транзицијата во заедницата, било при предвремен отпуст или по издржување на казната, е ситуација со висок ризик со која треба внимателно да се управува. За оние кои се на условен отпуст, ова може да биде обезбедено од пробациските служби во соработка со други актери. Меѓу поддршката што треба да се стави на располагање, и на оние кои се на условен отпуст и на оние кои не се, е постојаната поддршка од социјалните работници, психолозите и другите актери кои можат да ги поддржат нивните процеси на реинтеграција.

И од перспектива на човековите права и од перспектива на проценка на ризикот, Корисниците треба да бидат многу јасни што подразбираат под поимот „условно" и дефинираниот критериум за тоа мора да биде експлицитен. За оние корисници кои нудат условен отпуст за НЕЗ (***Косово***, ***Црна Гора*** и ***Северна Македонија***), подобноста на НЕЗ за оваа привилегија се оценува врз основа на нивната соработка со затворскиот персонал и учеството во програмата за рехабилитација. Одлуката не е донесена врз основа на формална проценка на нивниот ризик за заедницата, што треба да се направи во соработка со релевантните надворешни агенции, особено безбедносните служби кои можеби имаат информации кои не им се доверени на казнено-поправната служба. Затоа, од суштинско значење е да се развијат Меморандуми за соработка кои ги земаат предвид работните односи меѓу различните организации, улогата и одговорностите, како и протоколите за отпуст и условен отпуст на НЕЗ назад во заедницата.

Дополнителен проблем што има тенденција да го усложни ова прашање е тоа што за разлика од другите јурисдикции каде што главната улога на пробациската служба е да обезбеди надзор и проценка на ризикот на лицата во заедницата по отпустот од затвор или како алтернативна санкција на затворот, пробациската служба или е во зародиш или е формирана со цел само да ги надгледува оние со предвремено или условен отпуст од затвор. Кај многу корисници, системите кои се потребни за надзор на заедницата при отпустот од затвор се во зародиш или рана фаза на развој. Тие треба дополнително да се развијат со разгледување на системите од други јурисдикции и улогите и прописите на пробациските служби. Се препорачува да се формира РГ за оваа единствена цел. ***Србија*** даде добар пример за ова со самиот факт што веќе има формирано системи помеѓу затворите и пробациските служби за транзиција од затворите во заедницата.

Документите за дискусија ја одразија и загриженоста на некои учесници во врска со отпустот од затвори со висок степен на обезбедување директно во заедницата. Во многу јурисдикции, процесот на „повлекување" со кој затворениците се сместуваат во помалку безбедни услови за време на периодот пред отпустот се смета за суштински при успешната транзиција од услови со високо обезбедување во заедницата. Во однос на управувањето со ризикот и потребите, ова дополнително треба да ги поттикне политиките и процедурите за отпуст на НЕЗ.

Со оглед на потребите што ги презентираат НЕЗ во казнено-поправните установи, од суштинско значење е Центрите за социјална работа да бидат вклучени во подготовката за отпуст на НЕЗ и во подготовката на Индивидуалниот план за секој НЕЗ, како дел од поширокиот сеопфатен систем кој обезбедува координиран холистички пристап. Идните политики и законодавство треба да се грижат за оваа важна компонента во транзицијата на НЕЗ во заедницата.

Без разлика на законите за заштита на податоците, треба да се усвојат јасни процедури и насоки за меѓуагенциско споделување на информации, со прецизирање на обврските и должностите на сите релевантни актери во областа на пост-пеналната поддршка и развојот на специјални тимови за реинтеграција на НЕЗ. Тие треба да опфатат договори кои се однесуваат на активностите на сите релевантни актери во синџирот на заштита и реинтеграција на поранешните затвореници, но и за обезбедување на потребната помош и поддршка на членовите на семејството.

Политиките поврзани со ризикот и потребите треба да бидат детални кога станува збор за отпустот од затвор на НЕЗ. Треба да се напомене дека НЕЗ имаат различни потреби и ризик во однос на општата популација на прекршители, па затоа е важно да се помине низ постојните политики и законодавство за да се погрижиме дека тие го одразуваат ризикот и потребите што ги претставуваат НЕЗ. На пример, кога ќе заврши издржувањето на казната, колкава е должината и нивото на следење во заедницата што е потребно за управување со ризикот? Со оглед на тоа што периодот по директниот отпуст од затвор е фаза со висок ризик за многу затвореници (не само за НЕЗ), во многу јурисдикции постои преференца за предвремен отпуст на затвореникот за да можат да добијат поддршка во оваа фаза на висок ризик и, во некои случаи (за прекршителите со висок ризик), да се следат под пореални околности. На пример, ова е дел од процесот МАППА (процес на повеќеагенциска заштита) во Обединетото Кралство и е дискутиран за време на регионалните работни групи. Треба да се размисли за усвојување на сличен процес за да се гарантира управувањето со ризикот и потребите на НЕЗ за време на нивната транзиција од притвор во затвор.

Сите релевантни чинители, вклучително и центрите за социјална заштита, треба да постапуваат според заедничките процедури и заедничките насоки за споделување на информации помеѓу повеќе агенции, специфицирајќи ги обврските и должностите на сите релевантни актери во пост-пеналната поддршка и развојот на специјалните служби за реинтеграција на затворениците, вклучувајќи ги НЕЗ. Постојат неколку модели на најдобри практики дадени погоре кои би можеле да се вклучат во таквите постапки.

Има доволно докази од сите корисници кои укажуваат на итната потреба од законодавство и јавни политики за ресурси и обука кога станува збор за социјална заштита и заштитата на децата за вработените во сите социјални служби, вклучително и локалната самоуправа, образованието, здравствената заштита и други, со фокус на потребите за рехабилитација и реинтеграција на поранешните НЕЗ и нивните семејства. Има доволно докази кои сугерираат дека фокусот на семејствата недостасува во голем дел од законодавството за НЕЗ.

Во сите предлози за подобрувања, важно е да има јасни насоки и процедури за тоа како да се оцени ефективноста на спроведените мерки.

### *Б. Ниво на имплементација*

Пред сè, треба да се забележи дека периодот пред отпустот бара значителен обем на работа за постоечкиот персонал, доколку се сака да се направи ефикасно. Внатрешната и надворешната координација, проценките на ризикот, обуката за вештините и другите активности бараат време и ресурси. Не може да се очекува од персоналот да го прави тоа покрај својот вообичаен секојдневен обем на работа, а тоа треба да се одрази во политиките за управување со човечки ресурси и персоналот кој е назначен за извршување на таквите улоги. Идеално, секој казнено-поправен дом би имал одредено одделение кое би работело на периодот пред

отпустот каде што се случуваат такви активности. Очигледно, ако бројките се мали, времето на распоредување на член на персоналот во ова одделение би било пропорционално.

На локално ниво, доказите сугерираат дека кога НЕЗ треба да бидат пуштени од затвор, треба да се развијат јасни и детални упатства во форма на СОП кои ќе ги одразуваат непосредните потреби за интеграција на подолг период (сместување, транспорт, здравје, вработување итн.). Овие упатства во идеални услови треба да ги одразуваат последните 6 месеци во затвор на затвореникот и кој што ќе прави, кога и зошто:

- Спроведување на анализа на индивидуалните потреби, ризици и фактори на отпорност;
- Идентификување на достапните финансиски, ментални, физички и социјални способности и ресурси;
- Поставување реални цели за периодот по отпустот;
- Истакнување на одредени фактори на ризик што посебно се одвојуваат;
- Развивање предлози за справување со поттикнувачите кои можат да предизвикаат значителен стрес и потенцијално да резултираат со враќање на старите негативни модели;
- Планирање на чекори кои се неопходни за давање насоки во поддршка на функционалната интеграција;
- Спроведување на основна ориентација на релевантните структури за поддршка, а понекогаш – во зависност од времето поминато во затвор – основна преориентација во суштински променетата надворешна средина.

Достапните докази сугерираат дека е потребен специфичен прирачник за периодот пред отпуштањето од затвор на НЕЗ (како оној што се користи за општата затворска популација) кој би бил релевантен за нивните потреби. Овој прирачник треба да се изработи од страна на Корисниците, а во него треба да биде наведена содржината на таквиот курс, вклучувајќи ја и обуката за вештини и подготовката за сесии за отпуст со затворениците. Модули како што се комуникациски вештини, образовната свест, стручните вештини, вештините за барање работа и други релевантни содржини.

Периодот пред отпустот треба да започне најмалку 6 месеци пред самиот отпуст и треба да се развијат Меморандуми за соработка со давателите на услуги во заедницата кои би можеле да олеснат некои аспекти од овој курс, да го запознаат затвореникот и да обезбедат едукација на затворениците за тоа што е достапно во заедницата чија цел е да ги задоволи нивните потреби. Планирањето пред отпустот треба да вклучи и ажуриран процес на проценка на ризик/потреби.

Во врска со горенаведеното, силно се препорачува Корисниците да го разгледаат концептот на програмите за „излез". Излезната програма е колективен термин кој се однесува на програмите и интервенциите насочени кон одвраќање на насилните екстремисти/терористички престапници. Излезните програми можат да бидат понудени од невладини организации или влади, или во комбинација. Програмите се интензивни (од 6 месеци до 3 години), а вклучуваат низа интервенции и форми на поддршка за оние што излегуваат од екстремистичките групи. На тематските регионални состаноци беа презентирани различни програми кои се спроведуваат во и надвор од Европа.

Тоа се смета за најдобра практика кај некои Корисници кои имаат развиено посебен координатор за отпуст на НЕЗ и се препорачува да биде назначен таков координатор во секоја казнено-поправна установа. Системот во Косово е добар пример.

Социјалната реинтеграција на НЕЗ бара холистички и мултидисциплинарен пристап, со силна координација меѓу различните вклучени засегнати страни. Во оперативен контекст, за да бидат подготвени да ги поддржат НЕЗ веднаш по отпустот, на партнерските организации треба да им се обезбеди ран пристап до затворот за да го започнат процесот на рехабилитација што е можно порано и да изградат стабилен однос со затвореникот. Соработката помеѓу сите актери (државни и недржавни) е клучна во однос на споделувањето на информации, како и јавната и политичката поддршка за време на ресоцијализацијата. Мултиагенциската соработка би можела да се поттикне преку непречен трансфер на знаење помеѓу сите актери, од практичари до креатори на политики и истражувачи и обратно. Пристапот до информациите за затворениците во една централна база на податоци е добра почетна точка за овој процес и е нешто што Корисниците треба да го воспостават.

# АНЕКС 1

## Заеднички рамковни наставни програми за основна и напредна обука на ЗиП персоналот

| ОСНОВНА ОБУКА | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТИ** | **СОДРЖИНА** | **ЦЕЛНИ СЛУШАТЕЛИ НА ОБУКАТА** |
| **дефиниција за радикализација/екстремизам/ тероризам** | Обезбедете детални дефиниции за релевантната земја-членка и начинот на кој што се применуваат термините. | сите припадници на персоналот, вклучувајќи го и раководното ниво, а особено директорите на затворите |
| **законска рамка (национална, меѓународна)** | Вовед во важечката законска рамка во однос на радикалните затвореници и групи. | |
| **знаци на радикализација** | Вовед во различните визуелни и бихејвиорални знаци на радикализација (вклучувајќи: облека, знаци, знамиња, вербални изрази, книги, тетоважи итн.). | |
| **што да се прави/пријавување** | Обезбедете детален опис за тоа какви знаци треба да пријавите, кога да пријавите и за кого, исто така, воспоставете унифициран и јасен систем за известување. Информациите за прописите и процесите што треба да се следат кога е забележана радикализација и/ или екстремистичко однесување, вклучувајќи го професионалниот мандат на припадникот на персоналот, линиите на известување и процесите за повратни информации за известувањето. | |
| **разбирање на работата на мултидисциплинарните тимови за третман (МДТТ)** | МДТТ имаат клучна улога во однос на насочените локални интервенции, персоналот треба да биде свесен за неговиот мандат, членовите и надлежностите за да ја поддржи нивната работа. | |
| **важноста на меѓусекторската соработка/надлежности** | Припадниците на персоналот треба да разберат дека сите тие имаат улога во дерадикализацијата, различните сектори се среќаваат со затворениците во различни околности, со што имаат можност да ги набљудуваат во нивните различни улоги. Регулатива за споделување информации. | |

| | | |
|---|---|---|
| **подигање на свеста/трендови и бројки** | Воведување на национални и меѓународни трендови во однос на радикализацијата. Општо познавање на различни идеологии и екстремистички погледи на светот. | |
| **основни техники на интервјуирање** | Припадниците на персоналот треба да бидат опремени со основните алатки за вклучување во дијалог со радикалните затвореници. (што да се каже и што да се избегнува) | |
| **Религија** | Информации поврзани со разликата помеѓу умереното религиозно однесување и индикациите за радикализација. | |
| **подготовка за отпуст** | Основно познавање за грижата и интервенциите по отпустот. | |
| **посебни потреби на ранливите групи (жени, малолетници)** | Одредени подгрупи имаат потреба од посебни интервенции, поради нивните посебни потреби, персоналот треба да биде свесен за овие посебни карактеристики. | |
| **враќање на странски терористички борци (СТБ)** | СТБ поминале низ посебна подготовка, можеби имаат борбено искуство и повеќето страдале од ПТСР. Персоналот треба да биде свесен за овие дополнителни информации. | сите припадници на персоналот, вклучувајќи го и раководното ниво, а особено директорите на затворите |
| **важноста од размената на информации** | Разбирање на важноста од размената на информации за време на подготовката и спроведувањето на интервенциите. | |
| **Стандардни оперативни протоколи (СОП)** | Персоналот треба да биде свесен за постоењето и содржината на специфичните внатрешни документи и СОП за радикализација. | |
| **Превенција** | Информациите за пристапите што персоналот може да ги користи во нивните секојдневни улоги за да помогне во унапредувањето на отпорноста на престапниците против насилниот екстремизам. | |

| НАПРЕДНА ОБУКА | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТИ** | **СОДРЖИНА** | **ЦЕЛНИ СЛУШАТЕЛИ НА ОБУКАТА** |
| **длабинско познавање на религијата, идеологиите, групите** | Разбирање на различните форми на верски, политички или етнички радикални движења (екстремно левичарски, крајно десничарски движења, исламизам, салафизам, –– такфирска идеологија итн.) | припадниците на персоналот кои континуирано работат со радикалите:<br>• едукатори / инструктори<br>• психолози / социјални работници<br>• медицински персонал<br>• назначен безбедносен персонал;<br>• други |
| **соработка и когнитивна бихејвиорална терапија (КБТ)** | Вовед во КБТ и специјализирани структури за соработка, вклучувајќи еквиваленти/колеги, верски претставници, невладини организации итн. | |
| **управување и организација на Р/НЕ популацијата** | Разбирање на мотивациските фактори и ефективна надградба на индивидуалните фактори за повлекување/заштита. | |
| **посебни интервенции и програми** | Темелно разбирање на интервенциите и систематско размислување. Спроведување на специфични интервенции за дерадикализација и одвраќање. Техники кои можат да се користат за тешки разговори со цел да се олесни одвраќањето и дерадикализацијата | |
| **работа со поединци и семејства** | Вовед во посебни интервенции со вклучување на членовите на семејството. | |
| **управување со информации** | Работа со чувствителни и/или класифицирани информации. | |
| **безбедност и сигурност** | Управување со факторите на ризик од радикализираните (вклучувајќи СОП за специјални настани, самоодбрана, употреба на сила, специјални техники за интервенција, преговори за заложници итн.). | |
| **следење и оценување** | Подготовка на сложени проценки пред условен отпуст, домашно отсуство. Како да се спроведат и правилно да се интерпретираат пристапите за проценка на ризикот што конкретно се однесуваат на насилниот екстремизам. | |

# АНЕКС 2

## Список за проверка пред отпустот

### РАКОВОДСТВО

- Воспоставете Оддел за подготовка за отпуст
- Формирајте тим од службеници задолжени за водење на случаите
- Назначете службеник кој ќе го води случајот на секој радикализиран затвореник 6-12 месеци пред отпустот

### ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ОТПУСТ (ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ВОДЕЊЕ НА КОНКРЕТЕН СЛУЧАЈ)

- Развијте индивидуална програма за излез за секој затвореник
- Контактирајте надворешни организации за идентификуваните потреби на затворениците
- Организирајте состаноци со надворешни организации 3 месеци пред отпустот на затворениците
- Поврзете се со различните оддели во казнено-поправниот дом за да соберете информации за ризикот и потребите на затвореникот
- Погрижете се да обезбедите достапни ажурирани информации за ризикот и потребите на затвореникот на состанокот пред отпустот. Вклучувајќи безбедносни, здравствени, психосоцијални, стручни, станбени и социјални потреби.
- Поврзете се со Одделот за третман за утврдување на активности пред отпустот
- Организирајте мулти-дисциплинарни состаноци пред отпустот
- Поврзете се со Одделот за здравствена заштита за извештајот за отпуштање и погрижете се да се осигурите дека е остварен контакт со тимовите за ментално здравје во заедницата онаму каде што е соодветно
- Поврзете се со службите за зависности во заедницата
- Поврзете се со членовите на семејството
- Комплетирајте го финалниот извештај од Одделението за ресоцијализација
- Комплетирајте го извештајот за отпуштање од службите за здравствената заштита и дајте му го на затвореникот
- 2-5 дена пред отпустот, информирајте го Центарот за социјални работи
- 2-5 дена пред отпустот информирајте ја локалната полиција и соодветните безбедносни служби

### ДЕНОТ НА ОТПУСТОТ

- Судските документи се проверуваат за да се потврди точниот датум на отпустот
- Затвореникот добива лекарски преглед
- Дали затвореникот има превоз до местото каде што оди?
- Дали затвореникот има цивилна облека?

- Дали затвореникот има соодветни средства за да се издржува неколку дена?
- Идентитетот на затвореникот се проверува во однос на судските документи
- Дали затвореникот има лична документација?
- Организирајте му на затвореникот состанок со локалниот социјален работник
- Документацијата се проверува со лицето задолжено за конкретниот случај
- Затвореникот се пушта на слобода

# АНЕКС 3

## Пример на режим

Следново е пример за режим кој би можел да се усвои за постепено да се ориентира затвореникот кон новата реалност на затворскиот живот и продуктивно да се искористи неговото време во текот на казната. Овие активности се подетално објаснети во продолжение.

| | **понеделник** | **вторник** | **среда** | **четврток** | **петок** | **сабота** | **недела** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Утро** | Ориентација Емоционална проверка. Индивидуална сесија за третман | Ориентација Емоционална проверка. Културно-образовни активности | Ориентација Емоционална проверка. | Ориентација Емоционална проверка. Регулација на емоциите | Ориентација Емоционална проверка. Верски активности | Креативни активности | Активности на отворено |
| | Активности на отворено | Активности на отворено | Спорт | Спорт | Спорт | Спорт | Спорт |
| **Попладне** | | Образовни активности | Работа | Работа | Активности на отворено | Активности на отворено | Активности на отворено |
| | Спорт/ уметничка терапија | Мотивациско интервју | Активности на отворено | Индивидуална сесија за третман | Грижливост | Работа | Креативни активности |

Целта на активностите за насилните екстремистички затвореници е тие сами по себе да се рехабилитациони и да служат како одвлекување на вниманието од идеологијата (нешто неутрално) и да претставуваат методот за развивање однос со членовите на персоналот на неконфронтациски начин. Овие активности треба да вклучуваат:

- Образовни активности
- Работно или стручно ангажирање

- Верски активности
- Организирано користење на слободното време (пр. вежбање, спорт, креативни групи итн.)
- Специфични индивидуални сесии за третман со службеник за третман. програми за третман.

**а) Образовни активности**
Иако многу НЕЗ се добро образовани, образовните активности сè уште имаат важна улога во процесот на одвраќање од насилство, доколку се неутрални и насочени кон проширување на ставовите на затворениците и отфрлање на идеологиите - развивање на вештини за критичко размислување наспроти конкретно размислување.

**б) Спорт и физички активности**
Спортот и физичките активности се важни во секој режим на рехабилитација, но за НЕЗ тие нудат можност да развијат просоцијални тимски вештини, емпатија, однос со спортските инструктори и неконфронтирачки начин на развивање чувство за хуманизам кај НЕЗ. Спортот и физичките активности се исто така важни за намалување на стресот и анксиозноста кај НЕЗ (намалени нивоа на кортизол и зголемени нивоа на серотонин) и како резултат на тоа, тие имаат поголема веројатност да се вклучат во индивидуалните сесии за третман.

**в) Културни активности**
Целта на културните активности е тие да бидат информативни и да им овозможат на НЕЗ да размислуваат за себе и за другите на поинаков начин. Користењето на библиотеката, постоењето на специфична тематска група за претставување на идеите и вредностите на другите култури се едноставни, но истовремено претставуваат ефективни начини за едукација на НЕЗ за другите култури на непредизвикувачки начин.

**г) Работно ангажирање**
Вклучувањето во работни или стручни активности е важен дел од процесот на рехабилитација и резултира со чувство на цел и делување. Трошењето часови без работа резултира со здодевност и зголемена анксиозност и фрустрација, што не помага во поттикнувањето на одвраќање од насилство. Работата на насилните екстремистички затвореници во затворот мора да биде намерна и каде што е можно, да ја зголеми способноста за вработување по отпустот од затвор.

**д) Верски активности**
Многу НЕЗ имаат фиксен или „погоден" поглед на сопствената религија или идеологија што овозможува оправдување за идната употреба на насилство врз друга група или религија. Затоа, целта на верските активности треба да биде едукација на НЕЗ.

# РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Документ за дискусија од 1-та РГ Тема 1 на 15-16 октомври 2019 година Центарвил Хотел, Подгорица
Документ за дискусија од 2-та РГ Тема 1 на 11 – 12 февруари 2020 година Центарвил Хотел, Подгорица
Документ за дискусија од 3-та РГ Тема 1 на 1-3 декември 2020 година онлајн
Документ за дискусија од 1-та РГ Тема 2 на 13-14 ноември 2019 година Новотел Бристол Хотел, Сараево
Документ за дискусија од 2-та РГ Тема 2 на 9-10 јуни 2020 година преку онлајн платформата Кудо
Документ за дискусија од 3-та РГ Тема 2 на 13 и 14 октомври 2021 година Хотел Ибис Стајлс, Сараево
Документ за дискусија од 1-та РГ Тема 3 на 11-12 декември 2019 Хотел Рогнер, Тирана
Документ за дискусија од 2-та РГ Тема 3 на 6-7 јули 2020 година преку онлајн платформата КУДО
Документ за дискусија од 3-та РГ Тема 3 на 17-18 ноември 2021 година Хотел МАК Албанија, Тирана
Документ за дискусија од 1-та РГ Тема 4 во Хотел Холидеј Ин, Скопје 21-22 јануари 2020 г.
Документ за дискусија од 2-та РГ Тема 4 на онлајн платформата од 4-6 ноември 2020 година
Документ за дискусија од 3-та РГ Тема 4 на 21-22 декември 2021 година, Мериот Хотел, Скопје
Заклучоци од последната регионална конференција: „Кон подобрени практики за спречување на радикализацијата и справување со насилниот екстремизам во затворите и обука на персоналот во Западен Балкан“, Хотел Сплендид Будва, Црна Гора на 17-18 мај 2022 година. (Теми 1 и 3)
Заклучоци од завршната регионална конференција: „Кон успешно управување, рехабилитација и пост-пенална помош на насилните екстремистички затвореници (НЕЗ) во Западен Балкан – достигнувања и идни чекори “, МАК Албанија Хотел Тирана, Албанија 04 – 05 октомври 2022 година. Теми 2 и 4).
Извештај за евалуација на пилотирањето на конкретните алатки/програма за НЕЗ во Србија
Извештај за евалуација на пилотирањето на конкретните алатки/програма за НЕЗ во Албанија
Извештај за евалуација на пилотирањето на конкретните алатки/програма за НЕЗ во Косово
Извештај за евалуација на пилотирањето на конкретните алатки/програма за НЕЗ во БиХ
Конечни извештаи за евалуација на спроведувањето на локални координативни форуми во БиХ, Црна Гора, Косово, Северна Македонија, Албанија (имплементирани од јуни 2020 година - јуни 2022 година)
Одговори на прилагодените прашалници поднесени од Корисниците

******

Овој Документ за јавни политики е изработен во рамките на втората фаза од програмата Horizontal Facility, а објавен во рамките на третата фаза  на оваа програма со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини.
Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото.Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државитечленки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа